(21) сечење и складирање на огревно дрво и јаглен на јавни и сообраќајни површини;
(22) одржување на чистота во дворни места на колективни и индивидуални станбени објекти;
(23) одржување и чистење на одводни отворени канали и речни корита;
(24) изградба и одржување на септички јами; и
(25) мерки за спроведување на оваа Одлука и надзор.

**Член 3**

(1) Јавни површини во смисла на оваа Одлука се:

(1.1) јавни сообраќајни површини (улици, коловози, тротоари, пешачки и велосипедски патеки, кејови, подвозници, надвозници, мостови, јавни паркиралишта, плоштади, шеталишта, скалила што поврзуваат јавни сообраќајни површини, такси стојалишта, стојалишта на јавниот градски превоз, такси станици и слични површини); и

(1.2) јавни зелени површини (паркови, парк-шуми, карактеристични пејсажи, дрвореди, живи огради, тревници, земјишен појас покрај или меѓу јавните сообраќајни површини на којшто е засадено зеленило, зелени површини на отворени простори околу јавни објекти, заштитно зеленило на насипи и на нестабилен терен, цветни површини, детски игралишта, зелени површини покрај улиците, станбените објекти и јавните објекти, јавните капалишта и водните површини, спортско-рекреативните и други слични површини).

(2) Составен дел на јавните зелени површини можат да бидат жардињери, видиковци, одморишта, скалила и патеки и слична урбана опрема и градби.

(3) Објекти во смисла на оваа Одлука се градби наменети за домување, вршење на дејност, за сместување и чување на производи, апарати и други слични предмети од различни производни и услужни дејности.

(4) Објекти на комунална инфраструктура во смисла на оваа Одлука се градежни објекти, инсталација, опрема, јавни површини и други објекти на комуналната инфраструктура кои служат за давање на комунални услуги на корисниците и се добра од јавен интерес.

(5) Урбана опрема во смисла на оваа Одлука се предмети и објекти кои служат за давање на комунална услуга за заедничка потрошувачка, како што се фонтани, споменици, клупи, рекламни паноа, градски чешми, часовници, опрема за детски и други игралишта, садови за отпад, опрема за постојки и друго.

**Член 4**

(1) Комуналните дејности од членот 2 на оваа Одлука можат да ги вршат надлежните служби на Општина Гази Баба, Јавното комунално претпријатие "Гази Баба 2007" - Скопје (во натамошниот текст: ЈКП Гази Баба 2007), јавните претпријатија основани од Градот Скопје, како и други домашни и странски физички и правни лица овластени од Општина Гази Баба и од Градот Скопје, во согласност со Закон (во натамошниот текст: Даватели на услуги).

(2) Давателите на услуги се должни да обезбедат трајно и квалитетно вршење на комуналните дејности, како и одржување на објектите и урбаната опрема на комуналната инфраструктура во функционална состојба.

(3) Корисници на услуги во смисла на оваа Одлука се сите домашни и странски правни и физички лица кои ги користат услугите, објектите, опремата и површините во сферата на комуналните дејности на подрачјето на Општина Гази Баба.

(4) Корисниците на услугите се должни да се придржуваат на одредбите од оваа Одлука, заради непречено и функционално вршење на комуналните дејности од јавен интерес.

## II. УРЕДУВАЊЕ НА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА

**Член 5**

(1) Населените места на подрачјето на Општина Гази Баба мора да бидат уредени.

(2) Под уредување на населените места во смисла на оваа Одлука се подразбира уреденост на:

(2.1) надворешните делови на објектите;

(2.2) површините околу објектите;

(2.3) оградите;

(2.4) зеленилото;

(2.5) јавните површини, објектите на комуналната инфраструктура и урбаната опрема поставена на нив, како и на слични површини, градби, уреди и опрема;

така што со изгледот и поставеноста да влијаат за подобрување на општиот изглед и уреденост на

населеното место.

## 1. Надворешни делови на објектите

### Член 6

(1) Надворешни делови од објектите, во смисла на оваа Одлука се: фасади, олуци, тераси, балкони, лоѓии, прозорци, влезни врати, излози и други отвори на објектите, настрешници, покриви, оџаци, додатоци на покривот и друго.

(2) Надворешните делови на објектите мораат да се одржуваат уредни и чисти.

(3) Се забранува надворешните делови на објектите да се оштетуваат, на нив да се испишуваат или цртаат било какви пораки и слично, да се шкртаат, лепат со плакати или на друг начин да се валкаат и нагрдуваат.

(4) Се забранува поставување на направи за сушење на алишта, обесување (простирање) на алишта, постелнини, завеси, теписи и слично; или изложување (оставање) на други предмети на или преку надворешни делови од објектите, на огради и во дворни места на објектите што се со поглед кон улица или плоштад.

(5) Се забранува изведување на било какви работи и интервенции на надворешен дел од објект без одобрение на надлежен орган во согласност со прописите за градење, а на објект на кој му се утврдени споменички или амбиентални вредности или се наоѓа на подрачје заштитено како споменичка целина и без согласност на надлежна институција за заштита на културното наследство.

(6) Грижата за одржување, правилно користење и заштита на надворешните делови на објект е обврска на сопственикот односно корисникот на објектот, односно на сопствениците и корисниците на посебните делови на објектот, во согласност со прописите за домување.

## 1.1. Фасада

### Член 7

(1) Фасадата не смее да се оштетува и мора да се одржува уредна и чиста.

(2) Фасада и калкан на објект може да се украсува со мурал, мозаик, слика, цртеж, витраж и слично, во согласност со одобрена техничка документација.

### Член 8

(1) На фасадите на објекти за кои е издадено одобрение за употреба, можат да се поставуваат рекламни и информативни паноа, под условите, на начинот и во постапката во согласност со одредбите на Законот за градење, Законот за домување и прописите на Општина Гази Баба за поставување на такви паноа.

(2) За поставените рекламни и информативни паноа од ставот (1) на овој член, се плаќа комунална такса, во согласност со одлука на Советот на Општина Гази Баба.

(3) На други надворешни делови на објектите од членот 6 став (1) на оваа Одлука, не се дозволува поставување на рекламни и информативни паноа, освен за некомерцијално означување или рекламирање на сопствена фирма или нејзин производ односно услуга, во согласност со ставот (1) на овој член.

(4) Рекламните паноа можат да бидат осветлени.

(5) Рекламните и информативните паноа, според својата содржина, израз и порака, не смеат да го повредуваат моралот на луѓето, а според својот облик, димензија, материјал и боја мораат да се вклопат во постојното опкружување и не смеат да ја загрозуваат сигурноста и безбедноста во сообраќајот.

## 1.2. Прозорци, балкони, тераси, лоѓии

### Член 9

На прозорците, балконите, терасите, лоѓиите, оградите и други слични делови на објектите, може да се поставуваат и чуваат соодветни садови за цвеќе и украсни растенија, на начин што нема да се оштетува објектот и неговите посебни делови и нема да се загрозува безбедноста на граѓаните и околината, како и безбедноста во сообраќајот.

## 1.3. Излози

### Член 10

(1) Излозите на деловните простори во објектите и витрините што служаат за излагање на стоката, мораат да бидат технички и естетски обликувани на начин да се усогласени со изгледот на објектот и околината, соодветно осветлени, да се аранжираат и да се одржуваат уредни и чисти.

(2) Излозите на деловните простори и витрините на приземјето на објектите што се со поглед кон улицата, мораат да бидат осветлени за времетраењето на јавното осветлување.

(3) Забрането е испишување на пораки и реклами на излогот, освен оние со кои се истакнуваат привремени известувања во врска со намалувањата на цените или се рекламира сопствената фирма или нејзин производ односно услуга.

(4) Доколку деловниот простор не се користи, како и за време додека во него се изведуваат работи на реновирање и слично, излогот или витрината мора да се прекрие со непроѕирен материјал или на друг начин да се оневозможи увид во внатрешноста на истиот.

(5) Во излогот не смее да се држи амбалажа или да се складира стока.

(6) Забрането е да се изложува стока надвор од излогот, односно деловниот простор (на влезна врата, прозор, рамка на излогот и слично), без одобрение за вршење дејност пред, односно надвор од деловен простор, што го издава градоначалникот на Општина Гази Баба.

## 1.4. Уреди

### Член 11

(1) Клима уреди, антенски и соларни уреди, уреди за видео надзор и слични уреди и опрема може да бидат поставени видливо на надворешен дел од објект, на места предвидени за таа намена според техничката документација за објектот.

(2) За изведување на работи на поставување на уреди од ставот (1) на овој член на надворешен дел од објект на кој му се утврдени споменички или амбиентални вредности или се наоѓа во подрачје заштитено како споменичка целина, услови и согласност издава надлежна институција за заштита на културното наследство.

(3) Уредите од ставот (1) на овој член се поставуваат на начин на кој не се нагрдува и предизвикува оштетување на самиот објект или на соседен објект и не се загрозува безбедноста на сообраќајот и безбедното движење на пешаците.

(4) Клима уредот се поставува така да се оневозможи излевање на кондензатот од уредот на надворешните делови на самиот објект или на соседен објект, како и директно излевање на јавна површина.

## 1.5. Илуминација

### Член 12

(1) Илуминирање на фасадата со поголем број на расветни/светлечки тела може да се врши во согласност со одобрена техничка документација.

(2) За изведување на работи од ставот (1) на овој член на надворешен дел од објект на кој му се утврдени споменички или амбиентални вредности или се наоѓа во подрачје заштитено како споменичка целина, согласност дава и надлежна институција за заштита на културното наследство.

## 1.6. Знамиња

### Член 13

На објекти можат да се истакнуваат знамиња, под условите и на начинот утврдени со Закон или друг пропис донесен врз основа на Закон.

### 1.7. Тенди

**Член 14**

(1) Над отвори (отворени делови) на надворешен дел од објект, на јавни површини, бавчи на угостителски објект, како и на плажи, може да се поставaт тенди и чадори, под условите и на начинот утврдени со посебен пропис на Општина Гази Баба.

(2) Тендите и чадорите мора да се одржуваат уредни и чисти.

(3) Тендата, односно чадорот не треба да содржи рекламна порака. Доколку тендата, односно чадорот содржи рекламна порака, нејзиниот сопственик/корисник е должен да плаќа комунална такса.

### 1.8. Пасажи

**Член 15**

(1) Пасажите и просторот пред влезовите во објектите мораат да бидат слободни, целосно проодни, уредни и чисти.

(2) Во пасажите и на просторот пред влезовите не е дозволено паркирање на возила и оставање на какви било предмети или градежен материјал.

(3) Пасажите и просторот пред влезовите во објектите мораат да бидат осветлени за време на траењето на јавното осветлување.

### 2. Дворни места и неизградено градежно земјиште

**Член 16**

(1) Дворно место во смисла на оваа Одлука е преостанатиот дел на градежната парцела на која е изграден објект, оградено или неоградено, во рамките на кое може да има градина, пристапни патеки, скалила, површини за паркирање на возила на сопствениците односно корисниците на објектот и други слични елементи и содржини.

(2) Дворните места и неизграденото градежно земјиште, како и местата/површините што се наоѓаат внатре или меѓу станбен или деловен блок или меѓу објекти, мораат да се одржуваат во уредна и чиста состојба.

(3) На површините од ставот (2) на овој член е забрането оставање, фрлање, складирање или спалување на отпадот.

(4) Во дворните места и на оградите не се дозволува поставување на рекламни и информативни паноа, освен за некомерцијално означување или рекламирање на сопствена фирма или нејзин производ односно услуга, по претходно добиено одобрение од градоначалникот на Општина Гази Баба.

(5) На начинот на одржување на површините од ставот (2) на овој член, како и нивната чистота се применуваат и одредбите на членовите 221 и 222 на оваа Одлука, како и законите за јавна чистота, домување, управување на отпадот и други прописи на Општина Гази Баба.

### 3. Огради

**Член 17**

(1) Ограда на површина околу објект или на неизградено градежно земјиште што е со поглед кон улица или плоштад, стилски треба да се вклопува во околината, не смее да биде изведена од бодликава жица, шилци и слично и мора да биде поставена на начин да не ја загрозува безбедноста на сообраќајот и безбедното движење на пешаците.

(2) Бодликава жица и шилци, по исклучок од ставот (1) на овој член, може да се поставуваат само како дополна на постојна ограда, на висина над 190 см.

(3) Сопственикот односно корисникот е должен оградата што е со поглед кон улица или плоштад да ја одржува уредна, да ги поправа и заменува оштетените делови, оградата од украсни растенија редовно да ја кастри да не ја преминува регулационата линија на јавната површина и да не претставува опасност за пешаците.

### 4. Зеленило

**Член 18**

На зеленилото, како елемент на уредување на населените места, се однесуваат одредбите од глава III и глава XVI на оваа Одлука.

### 5. Јавни површини, други површини, објекти на комунална инфраструктура и урбана опрема

**Член 19**

На јавните површини, други површини, објектите на комуналната инфраструктура и урбаната опрема поставена на нив, како и на слични површини, градби, уреди и опрема, како елемент на уредување на населените места, се однесуваат одредбите од глава XII на оваа Одлука.

## III. УРЕДУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ, ЧИСТЕЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИТЕ, ЗЕЛЕНИТЕ И РЕКРЕАТИВНИ ПОВРШИНИ И ПАРК ШУМИТЕ

### 1. Зелени површини, паркови, парк-шуми

**Член 20**

На јавните зелени површини од членот 3 точка (1) алинеја (1.2) на оваа Одлука се подига зеленило што подразбира тревници, цветни и други насади, живи огради, грмушки, дрвја и дрвореди.

**Член 21**

Одржувањето на зеленилото опфаќа:

(1) одгледување и обновување на зеленилото;
(2) заштита на зеленилото од оштетувања, болести и штетници;
(3) разретчување на дрвјата во парк-шумите;
(4) чистење на озеленетите површини;
(5) одржување на објекти, уреди, инсталации и урбана опрема што се наоѓа на озеленетите површини и нивна заштита од оштетувања; и
(6) одржување и чистење на патеките на озеленетите површини.

**Член 22**

(1) Работите на одржувањето, заштитата и користењето на зеленило и јавните зелени површини ги извршува Давател на услуга во согласност со прописите, стандардите и техничките нормативи што важат за оваа дејност и годишна програма за уредување и одржување на зеленилото и јавните зелени површини.

(2) Во програмата од ставот (1) на овој член се планираат јавните површини за озеленување и обновување, видовите на зеленило, поставувањето и видот на урбаната опрема и други работи на одржувањето, како и трошоците за извршување на овие работи и изворите на средствата.

(3) Програмата од ставот (1) на овој член ја донесува и реализира Давателот на услугата, врз основа на развоен план за вршење на дејноста што Советот на Општина Гази Баба го донесува за период од три години.

(4) Програмата од ставот (1) на овој член се донесува најдоцна до 15 декември во тековната година, за наредната година, по претходна согласност на Советот на Општина Гази Баба.

**Член 23**

Сопствениците односно корисниците на земјиштето на кое се наоѓа зеленилото се должни да ги одржуваат зелените површини на отворени простори околу јавни објекти, зеленилото на земјиштето на кое право на сопственост или на користење имаат претпријатија и други правни лица, зеленилото во станбените комплекси и во дворните места на колективните и индивидуалните станбени објекти што се со поглед кон улица или плоштад.

**Член 24**

(1) На јавните зелени површини забрането е:

(1.1) корнење, сечење и кастрење на дрвја, грмушки и жива ограда;
(1.2) било какво оштетување на зеленилото (соголување и засекување на стеблата, газење и седење на тревниците, кинење на цвеќе, откорнување на цветни и тревни бусени и слично);
(1.3) деградирање на растителните услови (отстранување на земјата и откривање на корењата, затрупување на стеблата, промена на нивото на водата, промена на структурата и составот на почвата и друго);
(1.4) собирање на плодови и цветови од дрвјата;
(1.5) копање и изнесување земја, копање на канали, вршење на прекопи и слично;
(1.6) фрлање и оставање на отпадоци надвор од местото определено за таа намена;
(1.7) палење на оган и палење на стебла;
(1.8) фрлање и оставање отпадоци надвор од местата определни за таа намена;
(1.9) истоварување и оставање на стока, амбалажа, шут, градежен и огревен материјал и слично на или покрај зеленилото;
(1.10) пуштање на отпадни води, киселини, моторни масла и секаква друга материја што предизвикува загадување;
(1.11) истоварување, оставање и складирање на разновиден материјал (огревно дрво, јаглен, отпадно дрво, железо, лим и слично);
(1.12) фрлање на отпадоци и други предмети во базените и фонтаните;
(1.13) газење по тревните површини во парковите;
(1.14) косење на тревата во парковите и другите зелени површини без одобрение од надлежниот орган;
(1.15) поставување на разни предмети на стеблата и гранките (светилки, носачи на жичани водови, орманчиња, скали и слично);
(1.16) истурање на нечиста вода и други течности што ја загадуваат и оштетуваат озеленетата површина или девастираат почвата;
(1.17) чување и напасување добиток и живина;
(1.18) поставување, закачување, ковање или потпирање на рекламни паноа, натписи и лепење на плакати на дрвјата;
(1.19) поставување, поправка, замена и преместување на објекти, уреди, инсталации, комунална опрема, киосци, рекламни паноа, натписи, знаци, патокази, соопштенија и слично, без одобрение од надлежен орган;
(1.20) уништување и оштетување на објекти, уреди, инсталација, комунална опрема (корпи за отпадоци, чешми, канделабри и други уреди и објекти), рекламни паноа, натписи, знаци, патокази, соопштенија и слично;
(1.21) изведување на било какви други работи што доведуваат до уништување на зелените површини; и
(1.22) минување, запирање, паркирање и оставање на било кој тип возила и нивно миење.

(2) На просторот на парк-шума и карактеристичен пејсаж, освен работите од ставот (1) на овој член забрането е:
(2.1) убивање, прогонување и вознемирување на животинските видови, уништување на нивните развојни облици (ларвите, јајцата, младенчињата, седалата, леглата и слично);
(2.2) подигање на објекти во границите на заштитеното подрачје, освен објекти од јавен интерес кои

не го нарушуваат интегритетот, односно природниот изглед на парк-шумата;

(2.3) напасување стока, освен на подрачјата определени за таа цел со урбанистички план;

(2.4) обработка на земјиштето надвор од населените места, со што се нанесува штета и нарушува целината на парк-шумата;

(2.5) употреба на хемиски средства штетни за развитокот на растителниот и животинскиот свет;

(2.6) експлоатација на камен, чакал, песок и земја;

(2.7) користење на извори, освен за потребите на заштитеното подрачје;

(2.8) менување на постојната засенетост на дрвјата и растенијата (разголување на крошната или стеблото, засенчување на дрвјата со градби или направи и слично);

(2.9) поставување на туѓи тела на стеблата и гранките (светилки, носачи на жичани водови, табли, орманчиња, антени, скали и друго); и

(2.10) стопанска експлоатација на дрвните видови.

**Член 25**

(1) Корнење, сечење и кастрење дрвја, грмушки и жива ограда може да се врши заради нивно редовно одржување или обновување, ако се нападнати од штетни инсекти и растителни болести, ако се суви или оштетени од временски непогоди, ако пречат на подземните и надземните инсталации, кога постои опасност да причинат човечки или материјални штети, ако пречат на видливоста на улиците и на проодноста на тротоарите и патеките, како и заради изградба на објекти чија изградба е дозволена врз основа на претходно донесени правосилни управни или судски акти, врз основа на одобрение што го издава градоначалникот на Општина Гази Баба.

(2) Со одобрението од ставот (1) на овој член се утврдуваат условите и начинот на извршување на работите, во согласност со соодветни нормативи и стандарди.

(3) Во парк-шума и какрактеристечен пејсаж, покрај работите од ставот (1) на овој член, сечење на дрвја може да се врши заради одгледување на шумата.

(4) Во случај на откорнување и сечење на дрвја, грмушки и слично, просторот мора соодветно да се уреди со обнова односно замена на истите.

**Член 26**

Заради заштита на парк-шумите, Давателот на услуга организира посебна шумско-чуварска служба која работи во смени.

**Член 27**

Режимот на движење на моторни возила во парк-шумите и заштитените подрачја, поставувањето на заштитни рампи и издавањето одобренија за движење во заштитените подрачја, се уредува со акт на градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 28**

(1) При градење на објекти предвидени во урбанистички план, изведувачот е должен, по правило, да го сочува околното постојно зеленило, уреди, инсталации и комуналната опрема и пред да отпочне со градба да ги заштити, односно, по завршување на градежните работи, да го врати зеленилото и комуналната опрема во првобитната состојба, според мерките за заштита утврдени во одобрението од членот 25 на оваа Одлука.

(2) Пред отпочнувањето на работите, овластени претставници на изведувачот, Општина Гази Баба и на Давателот на услуга составуваат записник за состојбата на зеленилото и комуналната опрема.

(3) Пред добивање на одобрението од членот 25 на оваа Одлука, изведувачот е должен на сметка на Општина Гази Баба да депонира средства или да достави банкарска гаранција за квалитетна заштита, односно за покривање на трошоците за враќање на зеленилото и комуналната опрема во првобитната состојба.

**Член 29**

(1) Ако со измена на урбанистички план се измени намената на веќе оформената јавна зелена површина, односно се уништува веќе подигнатото зеленило, со урбанистичкиот план се определува друга

соодветна неуредена површина со намена за зеленило.

(2) Инвеститорот што гради инвестиционен објект на пренаменетата јавна зелена површина, пред добивањето на одобрение за подготвителни работи, е должен на сметка на Општина Гази Баба да депонира средства за уредување на другата неуредена локација предвидена за озеленување.

**Член 30**

(1) Поставување на електрична, водоводна, фекална, атмосферска, телекомуникациска, топлификациона, гасоводна мрежа и други инсталации на јавните зелени површини се врши подземно, по претходно добиено одобрение од градоначалникот на Општина Гази Баба.

(2) По исклучок, нови инсталации можат да се поставуваат и над земја, кога е тоа неопходно, заради специфичноста на теренот и под услов да не го попречуваат правилниот развој на зеленилото и да не го нарушуваат естетскиот изглед и нормалното користење на зелените површини.

**Член 31**

(1) Јавните зелени површини можат привремено да се користат за одржување на спортски, културни, забавни и други манифестации, приредби и слично, по претходно добиено одобрение од градоначалникот на Општина Гази Баба.

(2) Организаторот/барател на одобрението за користење на јавната зелена површина е должен со барањето да достави согласност и доказ за регулирање на обврските за плаќање на комунална такса и за чистење и доведување на јавната зелена површина во првобитна состојба (обезбедени и депонирани средства за таа намена или склучен договор со Давателот на услуга или документ за ослободување од обврската).

**Член 32**

(1) На јавните зелени површини може, по исклучок, привремено (за времетраењето на настаните од членот 31 на оваа Одлука) да се поставуваат подвижни апарати и други направи (фрижидери за сладолед, автомати и масички за продажба на пијалаци, цигари и слично), само по претходно одобрение од градоначалникот на Општина Гази Баба, издадено според одобрен елаборат.

(2) Одобрението од ставот (1) на овој член содржи особено: назив, односно име и презиме на корисникот на микролокацијата; означување на микролокацијата; видот на уредот, односно апаратот што се поставува; висината на цената што корисникот треба да ја плати за одржување на површината, во согласност со утврден ценовник; комуналната такса; времетраењето на одобрението; и слично.

**Член 33**

(1) Давателот на услуга со свој акт на, во согласност со Општина Гази Баба, ја определува висината на средствата од членот 28 став (3), членот 29 став (2) и членот 31 став (2) на оваа Одлука, според постојните стандарди за подигање на зеленило по $м^2$.

(2) Средствата од ставот (1) на овој член мора да се употребат за намената за којашто се уплатени.

**Член 34**

(1) Доколку на зеленило и јавна зелена површина се затече добиток и живина без да е присутен сопственикот, Давателот на услуга, по налог на комуналниот инспектор на Општина Гази Баба, го отстранува добитокот и живината од јавната зелена површина, го сместува во посебно обезбеден простор и го чува (редовно хранење и напојување, здравствено третирање и нега) до 15 дена, а сопственикот е должен да ги надомести трошоците за приведувањето и чувањето на добитокот и живината.

(2) При примопредавањето на добитокот и живината, неговиот сопственик, односно корисник е должен да приложи доказ за својот идентитет, како и доказ/изјава за правото врз добитокот и живината.

(3) Примопредавањето се врши по наплатата на трошоците за отстранување, транспортирање и чување на добитокот и живината, односно со приложен документ за наплатени трошоци.

**Член 35**

(1) Доколку сопственикот, односно корисникот на добитокот и живината не е познат или добитокот

односно живината не се подигне по истекот на рокот од членот 34 став (1) на оваа Одлука, Општина Гази Баба ќе му ги надомести на Давателот на услуга направените трошоци за отстранување, транспортирање и чување на добитокот и живината.

(2) По истекот на рокот од членот 34 став (1) на оваа Одлука, градоначалникот на Општина Гази Баба ќе го довери чувањето и користењето на добитокот и живината на заинтересирано правно или физичко лице, под условите и на начинот утврдени со договор.

(3) Сопственикот, односно корисникот на добитокот и живината може да го подигне добитокот и живината од заинтересираното правно или физичко лице од ставот (2) на овој член, по плаќање на направените трошоци за чување од негова страна, како и трошоците од ставот (1) на овој член.

**Член 36**

(1) Давателот на услуга со свој акт ги утврдува трошоците од членот 34 на оваа Одлука.

(2) Согласност на актот од ставот (1) на овој член дава Советот на Општина Гази Баба.

(3) Кога отстранувањето го врши Давателот на услуга, трошоците од членот 34 на оваа Одлука, се утврдуваат со договор меѓу Општина Гази Баба и Давателот на услуга, во согласност со закон.

(4) Сопственикот односно корисникот на добитокот и живината е должен, покрај трошоците за нивно отстранување, транспортирање и чување, да плати и надоместот на штета што добитокот и живината ја сториле на зеленило и јавната зелена површина, според ценовник што го утврдува Давателот на услуга со согласност на Советот на Општина Гази Баба.

**2. Водни и рекреативни површини**

**Член 37**

Водните и рекреативни површини на подрачјето на Општина Гази Баба (базени и езера во рамки на постојните спортско-рекреативни површини), треба да се одржуваат во уредна и функционална состојба.

**Член 38**

Одржувањето на водните и рекреативните површини во функционална состојба подразбира:

(1) отстранување на наносот и нечистотијата од водната површина и нејзиниот крајбрежен појас;

(2) да се уредени пешачките патеки до базенот односно езерото;

(3) на површините покрај базенот, односно езерото да е обезбеден и уреден простор за одмор и рекреација;

(4) кабините и другите објекти да се во исправна состојба и да можат да се користат според намената и нивниот број да одговара на капацитетот;

(5) тушевите да се исправни и уредни;

(6) санитарните јазли да се исправни и нивниот број да одговара на капацитетот на базенот, односно езерото;

(7) да се поставени корпи за отпадоци и да е регулирано нивното празнење;

(8) во текот на периодот на сезоната за капење да е организирана служба за спасување и за давање прва помош; и

(9) да е обезбедена телефонска врска.

**Член 39**

(1) За одржување на редот на просторот покрај базенот, односно крајбрежниот појас на езерото се грижи Давателот на услуга.

(2) Начинот на работата и одржувањето на редот на базенот односно езерото поблиску се уредува со акт на Давателот на услуга.

(3) Согласност на актот од ставот (2) на овој член, дава Советот на Општина Гази Баба.

(4) Одредбите на актот од ставот (2) на овој член се истакнуваат на видно место на просторот на базенот односно езерото, пред започнување на сезоната и во текот на сезоната, а корисниците се должни да ги почитуваат.

**Член 40**

Давателот на услуга кој ги одржува и користи базените и езерата, има обврска постојано да ја контролира хемиската и бактериолошката исправност на водата и за тоа да ја известува јавноста.

**Член 41**

Врз основа на прегледот на техничката и хигиенската исправност на базенот односно езерото и хемиската и бактериолошката исправност на водата, градоначалникот на Општина Гази Баба со решение утврдува дали се исполнети условите за почеток на сезоната за капење.

## IV. СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ

**Член 42**

(1) Под поимот снабдување со вода за пиење се подразбира зафаќање, обработка и дистрибуција на водата преку водоснабдителниот систем до главниот водомер на Корисникот на услуга.

(2) Вода за пиење е секоја вода, во својата првобитна состојба или по третман, наменета за консумирање од страна на човекот, готвење, подготовка на храна или за други домашни намени, без оглед на тоа од каде потекнува и дали се снабдува од водоводната мрежа или од цистерни.

(3) Водоснабдителен систем е збир на хидротехнички објекти за снабдување со вода за пиење и тоа: водозафат (место каде Давателот на услуга зафаќа површинска или подземна вода), резервоар, објект за обработка на вода, пумпна и хлоринаторска станица, главен довод, магистрален вод, улична водоводна мрежа и водоводен приклучок заедно со придружните објекти и опремата за довод на вода од водозафатот до приклучокот на главниот водомер на корисникот на услугата.

(4) Водоводна мрежа на корисникот на услугата е од главниот водомер со водомерната шахта и целокупната водоводна мрежа на корисникот на услугата.

(5) Водоводен приклучок е водоводна цевка од уличната мрежа, односно од регионалниот водоснабдителен систем до водоводниот вентил (затворач) пред главниот водомер во водомерната шахта.

(6) Водомерна шахта е објект на Корисникот на услугата во која се монтира (поставува) главниот водомер на водоводниот приклучок.

**Член 43**

Снабдувањето со вода за пиење е дејност од јавен интерес.

**Член 44**

(1) Давателот на услуга врши снабдување со вода за пиење со зафаќањето, обработка и дистрибуција на водата преку водоснабдителниот систем до главниот водомер на корисникот на услугата.

(2) Давателот на услуга го врши управувањето и одржувањето на водоснабдителниот систем.

(3) Давателот на услуга утврдува надоместок за приклучување на корисникот на услугата на водоснабдителниот систем и висината на надоместокот во зависност од големината на водоводниот приклучок, трошоците за приклучување, хидротехничките услови и друго, со согласност на Советот на Општина Гази Баба.

**Член 45**

(1) Давателот на услугата е должен на корисниците на услугата да им обезбеди трајно и непрекинато снабдување со здравствено исправна и чиста вода за пиење преку изградениот водоснабдителен систем.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, ако дојде до нарушување или прекин во давањето на услугата во случај на оштетување на водоснабдителниот систем поради виша сила, поголеми хаварии и дефекти, во случај на недоволна периодична издашност на извориштата, во случај на здравствена неисправност на водата за пиење или во случај на прекин во снабдувањето со електрична енергија таму каде што Давателот на услугата е зависен од истата, Давателот на услугата е должен да ги информира корисниците на услугата за нарушувањата или прекинот во давањето на услугата, во согласност со закон.

(3) Давателот на услугата е должен:

(3.1) да врши испитувања на здравствената исправност на водата за пиење на начин и постапка во

согласност со закон и прописите кои произлегуваат од него;

(3.2) да ги спроведува санитарно-хигиенските мерки потребни за обезбедување на здравствено исправна вода за пиење во согласност со закон и други прописи;

(3.3) непрекинато да ги одржува во исправна состојба објектите и инсталациите на водоснабдителниот систем во Општина Гази Баба;

(3.4) да ги проширува изворите, објектите и мрежата на водоснабдителниот систем со цел што повеќе корисници да се приклучуваат на истиот, во зависност од сопствените можности, односно можностите на Општина Гази Баба и Републиката; и

(3.5) Да ги изведува работите за водоводен приклучок од водоводната цевка од уличната мрежа до водоводниот вентил (затварач) пред главниот водомер во водоводната шахта.

(4) Во случаите кога корисниците на услугата не можат да се снабдат со вода за пиење непрекинато над 12 часа, Давателот на услуга е должен да ги снабди корисниците на услугата со вода за пиење на начинот утврден со Планот за вршење на дејноста во вонредни околности.

(5) Давателот на услугата должен е да ги информира корисниците на услугата за начинот на снабдувањето од ставот (4) на овој член.

(6) Давателот на услугата е должен да донесе План за начинот на вршење на дејноста во вонредни околности, врз основа на стандардите и вредностите на квалитетот на водата и неопходното количество на вода за пиење, а во согласност со Советот на Општина Гази Баба.

(7) Давателот на услуга е должен на барање на инвеститорот пред добивањето на одобрение за градба на нов објект, реконструкција или доградба на постоечкиот објект, да издаде потврда за постоење или непостоење на водоводна мрежа под објектот за кој се однесува одобрението, односно техничка можност за приклучување на водоводната мрежа.

(8) Давателот на услуга е должен да обезбеди целосна документација за водоснабдителниот систем, заради воспоставување на подземен катастар.

(9) Давателот на услуга е должен да го одржува во исправна и функционална состојба водоснабдителниот систем од денот на добивањето на решение за употреба.

(10) Давателот на услугата е должен да го определи и водоводниот приклучок на корисникот на услугата и тоа:

(10.1) водоводната инсталација до водомерната шахта вклучувајќи го и првиот вентил пред водомерот кај индивидуалните станбени објекти, односно до границата на имотот на локацијата, ако водомерната шахта е поставена на непрописно и непристапно место или е сместена во подрумски простории;

(10.2) водоводната инсталација до надворешниот ѕид од станбениот објект, ако главниот водомер се наоѓа во објектот, за колективни станбени згради; и

(10.3) водоводната инсталација до водомерната шахта, вклучувајќи го првиот вентил пред водомерот, ако водомерната шахта се наоѓа пред колективната станбена зграда.

(11) Давателот на услуга е должен претходно да прибави одобрение за раскопување од Одделението за урбанизам и комунални дејности на Општина Гази Баба во случаите кога отстранувањето на дефектот бара раскопување на улица, коловоз, јавна или зелена површина. Доколку дефектот на водоснабдителниот систем бара итно отстранување поради опасност од настанување на поголеми штети, раскопувањето на улица, коловоз, јавна или зелена површина, Давателот на услуга го врши веднаш, без да прибави одобрение но, за преземените мерки е должен писмено да го извести органот надлежен за издавање одобрение за градење. По завршувањето на работите Давателот на услуга е должен улицата, коловозот, јавната или зелената површина да ги доведе во првобитна состојба.

(12) Давателот на услуга е должен да ја надомести евентуалната штета на сопственикот или корисникот на земјиштето, настаната со изведување на работите заради вршење премер, снимање, проектирање, изградба и изведување на работи за одржување и реконструкција на објектите од водоснабдителниот систем.

(13) Давателот на услуга е должен изградбата, реконструкцијата или доградбата на водоснабдителниот состем да ја врши на начинот и под условите определени со Закон и со Програмата за уредување на градежното земјиште на Општина Гази Баба.

(14) Давателот на услугата е должен да ја определи цената за кубен метар потрошена вода за пиење и надоместокот за приклучување на корисникот на услугата на водоснабдителниот систем во согласност

со одредбите на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води.

**Член 46**

Новите корисници на услугите може да бидат приклучени на постојниот јавен водовод, доколку ги исполнуваат условите утврдени со важечките прописи и техничките нормативи со коишто се обезбедува непречена испорака на квалитетна вода во договорената количина, проток, континуитет и безбедност на луѓето и објектите.

**Член 47**

Новите корисници на услугите ќе бидат приклучени на јавниот водовод само ако водоводната инсталација во нивните објекти е изградена според важечките прописи и техничките нормативи.

**Член 48**

Со водоприклучната согласност се определуваат условите и начинот на приклучување на корисниците на јавниот водовод, како и меѓусебните права и обврски помеѓу Давателот на услугата и Корисникот на услугата.

**Член 49**

Давателот на услуга е должен во рок од 8 дена сметано од денот на поднесувањето на барањето за приклучок да се произнесе по барањето за добивање на водоприклучна согласност.

**Член 50**

(1) Чистењето, монтирањето и демонтирањето на водомерите се врши од овластено лице на Давателот на услуга.

(2) Корисникот на услугите е должен на овластеното лице да му овозможи непречено читање и демонтирање на водомерот ако за тоа постојат оправдани причини.

(3) При оштетување на водоводната мрежа, Давателот на услуга е должен да ги преземе потребните мерки за отстранување.

(4) Кога доаѓа до дефект на главната водоводна мрежа во колективните станбени објекти, него го отстранува Давателот на услуга, а трошоците за извршената работа солидарно ги споделува на сите корисници на водоводната линија и трошоците ги наплаќа преку сметката за потрошената вода.

**Член 51**

Во случај на предвидливи прекини на водоснабдувањето, Давателот на услуга е должен преку средствата за јавно информирање да ги извести корисниците на услугите за времетраењето на прекинувањето на водата за реонот каде таа ќе биде прекината, пред водата да биде прекината.

**Член 52**

(1) Корисникот на услугите е должен веднаш да го извести Давателот на услуга за секаков дефект што ќе настане на водоводниот приклучок и водоводните шахти.

(2) По добивањето на известието а најдоцна за 6 часа, Давателот на услуга е должен да преземе мерки за отстранување на дефектот. Корисникот на услугите до колку не го пријави настанатиот дефект, должен е да ја надомести штетата.

**Член 53**

(1) Користењето на водата од противпожарните и уличните хидранти е исклучиво наменски.

(2) Доколку правни или физички лица користат вода од противпожарните и уличните хидранти ненаменски, истите се исклучуваат од понатамошно користење на водата од хидрантите и ги сносат сите трошоци настанати за враќање во првобитната положба.

**Член 54**

Доколку корисникот на услугите, е во реон каде што не поминува јавниот водовод, можно е истиот да се приклучи со доградба на водоводната мрежа под следните услови:

(1) проширувањето на јавната водоводна мрежа и на јавниот водоводен објект за обезбедување на водата што ја бара корисникот на услугите, се прави на товар на корисникот на услугите; и

(2) ако капацитетот на водата не ги задоволува потребите на корисникот на услугите, трошоците за зголемување на капацитетот ќе ги сноси корисникот на услугите.

**Член 55**

(1) Услугите за користење на вода, Давателот на услуга може да ги откаже во следниве случаи:

(1.1) ако местото каде што се наоѓа водомерот е нечисто, затрупано или е непристапно, а корисникот не ги отстрани недостатоците и по писмената опомена од овластеното лице на Давателот на услуга;

(1.2) ако корисникот на услугите без одобрение или знаење на Давателот на услуга приклучи друг корисник;

(1.3) ако корисникот на услугите самоволно се приклучи на јавната водоводна мрежа;

(1.4) ако корисникот на услугите не ја помири сметката за потрошената вода за три месеци, а по претходно добиена писмена опомена; и

(1.5) ако противзаконито се приклучи и користи вода пред водомерот.

(2) Трошоците за прекинувањето и повторното приклучување од ставот (1) на овој член паѓаат на товар на корсникот на услугата.

**Член 56**

(1) Давателот на услуга единствено има право да ја отвори и затвори арматурата од двете страни на водомерот.

(2) По исклучок, корисникот на услугите може да ја затвори арматурата ако дојде до дефект или поголема поправка на внатрешната инсталација, а арматурата пред водомерот може да ја отвори само во случај на дефект на водомерот и за тоа веднаш или најдоцна во рок од 24 часа да го извести Давателот на услуга за настанатиот дефект.

(3) Ако Корисникот на услуга смета дека водомерот е неисправен може да побара Давателот на услуга да изврши преглед на водомерот.

**Член 57**

(1) Над и покрај водоводната шахта и приклучоците како што се затварачи, огрлици, улични хидранти и шахти, не е дозволено депонирање на било каков материјал што ќе ја оневозможи нивната употреба.

(2) Во случај на ставот (1) на овој член, Давателот на услуга за сметка на Корисникот на услуга ќе го отстрани депонираниот материјал.

**Член 58**

При одржување на јавната водоводна мрежа и приклучоци, ако над нив веќе има изградено објект или поминува преку земјиште и дворно место на Корисникот на услуга, Давателот на услуга има право на непречена работа, а сопственикот на земјиштето или дворното место има право на надоместок при евентулна штета.

**Член 59**

Доколку дојде до преместување на водоводната мрежа и приклучоци за спроведување на урбанистичкиот план, како и за доградба на подземни инсталации, сообраќајници и други објекти, трошоците ќе ги сноси инвеститорот на објектот кој го предизвикува преместувањето на водоводните линии.

**Член 60**

(1) Корисниците на услуга се должни:

(1.1) пред добивање на одобрение за градење на нов објект, реконструкција или доградба на постоечкиот објект, инвеститорот треба да прибави потврда од Давателот на услуга за постоење или непостоење на водоводна мрежа под објектот за којшто се однесува одобрението, односно техничка можност за приклучување на водоводната мрежа;

(1.2) при дефект на водоводната мрежа којашто поминува низ имот на правно или физичко лице, сопственикот, односно корисникот на имотот е должен да му овозможи на Давателот на услуга непречено отстранување на дефектот; и

(1.3) над и покрај водомерната шахта, во пречник од најмалку три метри, Корисникот на услуга не смее да депонира каков било материјал, со којшто би се оневозможила нејзина употреба и користење.

(2) Сопственикот или корисникот на земјиштето е должен да дозволи премин преку тоа земјиште заради вршење премер, снимање, проектирање, изградба и изведување на работи за одржување и реконструкција на објектите од водоснабдителниот систем.

(3) Секој Корисник на услуга е должен да има сопствен водомер како единствено мерно средство за определување на потрошувачката на вода на Корисникот на услуга.

(4) Корисникот на услуга е должен да овозможи пристап на овластен работник на Давателот на услуга заради читање на водомери и одржување на водоводниот приклучок.

(5) Ако водомерот е неисправен, закочен, стопен и слично и корисникот на услугата е должен во рок од три дена од констатирањето на дефектот за тоа да го извести Давателот на услуга.

(6) Правните и физичките лица кои произведуваат и вршат промет со прехранбени производи и пијалоци, а кои се лоцирани (поставени) на просторот опфатен со урбанистичкиот план на Општина Гази Баба, во реоните каде што постои можност за користење на вода од водоснабдителниот систем, должни се да се приклучат и да ја користат водата од водоснадителниот систем со кој управува Давателот на услуга.

(7) Корисникот на услуга е должен да се придржува на мерките за штедење на вода во време на рестрикција.

**Член 61**

Заради заштита и спречување на оштетување за водоснабдителниот систем се забранува:

(1) изградба на станбени и други објекти над водоводната мрежа;

(2) приклучување на водоводна мрежа без одобрение за приклучување;

(3) поврзување на водоводна мрежа на Корисникот на услуга кој користи вода од индивидуални извори со водата од водоводниот приклучок;

(4) бесправно користење на вода пред водомер;

(5) самоволно демонтирање и монтирање на водомери и водоводни арматури без согласност на Давателот на услуга;

(6) изградба на објекти од водоснабдителен систем без одобрение за градење;

(7) бесправно користење на вода без исправно поставен водомер;

(8) намерно оштетување на јавната водоводна мрежа и јавните украсни чешми;

(9) Корисникот на услуга без одобрение да дозволи приклучувања на друг корисник од неговиот приклучок; и

(10) депонирање на каков било материјал над и покрај водомерната шахта, во пречник од најмалку три метри со кој би се оневожможила нејзина употреба и користење.

## V. ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ

**Член 62**

(1) Под одведување и пречистување на отпадни води се подразбира прифаќање на отпадните води од куќниот приклучок на дворната канализациона мрежа, одведување со уличната канализациона мрежа, прочистување и испуштање во реципиентот, како и чистење на септичките јами.

(2) Одведување на урбани отпадни води е собирање на отпадните води од станбените, деловните, производните, административните и ним слични простори во агломератот, од приклучокот на дворната мрежа, одведување со улична канализациона мрежа, пречистување во пречистителните станици и испуштање на отпадните води во реципиентот.

(3) Реципиент е секоја проточна и стоечка вода на површината на земјата во која се испуштаат урбаните отпадни и атмосферски води.

(4) Урбани отпадни води се отпадни води од домаќинствата, индустриски отпадни води и атмосферски води, односно мешавина од отпадни води од домаќинствата, индустриски отпадни води и атмосферски води.

(5) Урбани води од домаќинствата се отпадни води од станбени населби и од сервисните капацитети, коишто главно потекнуваат од човечкиот метаболизам и од активностите во домаќинствата.

(6) Индустриска отпадна вода е секоја отпадна вода што се исфрла од просториите кои се користат за извршување на индустриска или трговска дејност.

(7) Канализационен систем е збир на хидротехнички објекти и тоа: колектори, магистрални канали, улична канализациона мрежа, атмосферска канализациона мрежа, црпни станици, сифони и постројки за пречистување на урбаните отпадни води.

(8) Канализационен приклучок е спојот на канализационата мрежа на Корисникот на услуга со уличната канализациона мрежа.

(9) Хидротехнички услови е акт на Давателот на услуга издаден врз основа на претходно добиени услови за градба во коишто се дефинира постоечката, односно предвидената улична канализациона мрежа.

(10) Ревизиони шахти се објекти коишто се поставуваат на одредени растојанија на уличната канализациона мрежа и служат за контрола и одржување на истата.

(11) Приклучни (контролни) шахти се објекти кои се наоѓаат на канализациониот приклучок меѓу уличната канализациона мрежа и објектот на Корисникот на услуга и служат за одржување на канализациониот приклучок на Корисникот на услуга.

**Член 63**

(1) Давателот на услуга врши одведување и пречистување на отпадните води.

(2) Корисникот на услуга одведување и пречистување на отпадните води е правно или физичко лице сопственик на станбен, деловен, производствен, административен и на нив сличен објект, приклучен на канализационата мрежа.

**Член 64**

Давателот на услуга:

(1) врши одведување на урбани отпадни води во реципиентот со нивно собирање од корисниците на услуга преку канализационата мрежа, пречистување и испуштање во реципиентот;

(2) врши управување и одржување на канализациониот систем;

(3) ја утврдува висината на надоместокот за приклучување на Корисникот на услуга во канализациониот систем по претходна согласност на Советот на Општина Гази Баба;

(4) се грижи за исправно функционирање на целокупната канализациона мрежа, заради што формира посебна единица за одржување;

(5) редовно врши пречистување на канализационата мрежа;

(6) врши поправка на оштетените делови од објектите на канализационата мрежа;

(7) дава стручни упатства за изведување на дел од канализацијата што ја вршат жителите;

(8) обезбедува дежурна служба за отстрнување на дефектите и недостатоците за потребите на канализационата мрежа;

(9) дава одобрение за приклучок и го извршува самиот приклучок;

(10) пропишува технички услови за изведување на приклучок и на објектите за приклучок; и

(11) врши и други работи сврзани со управувањето и одржувањето на канализационата мрежа.

**Член 65**

(1) Давателот на услуга е должен на корисниците на услуга да им обезбеди трајно и непрекинато одведување на урбаните отпадни води преку изградениот канализационен систем.

2) Давателот на услуга е должен изградбата, реконструкцијата или доградбата на канализациониот систем или на дел од него да го врши на начинот и под условите определени со закон и Програмата за уредување на градежно земјиште на Општина Гази Баба. На барање на Корисникот на услуга (инвеститор) пред добивање на одобрение за градба на нов објект, реконструкција или доградба на постоечки објект, Давателот на услуга е должен да издаде потврда за постоење или непостоење на канализационата мрежа под објектот за којшто се однесува одобрението, односно техничка можност за приклучување на канализационата мрежа.

(3) Давателот на услуга е должен да обезбеди целосна документација на канализациониот систем, заради воспоставување на подземен катастар.

(4) Давателот на услуга е должен да го одржува канализациониот систем од денот на добивањето на решението за употреба.

(5) Давателот на услуга е должен претходно да прибави одобрение за раскопување од надлежен орган, во случаите кога отстранувањето на дефектот на канализациониот систем бара раскопување на улица, коловоз, јавна или зелена површина.

(6) Доколку дефектот на канализациониот систем бара итно отстранување поради опасност од настанување на поголеми штети, раскопувањето на улица, коловоз, јавна или зелена површина, Давателот на услуга го врши веднаш без да прибави одобрение за раскопување, но за преземените мерки е должен писмено да го известува органот надлежен за издавање на одобрение за градење.

(7) По завршувањето на работите околу отстранувањето на дефектот на канализациониот систем, Давателот на услуга е должен улицата, коловозот, јавната и зелената површина да ги доведе во првобитна состојба.

(8) Давателот на услуга е должен да ја надомести евентуалната штета на сопственикот или корисникот на земјиштето настаната со изведување на работи во врска со вршење премер, снимање, проектирање, изградба и изведување на работи за одржување и реконструкција на објектите од канализациониот систем.

**Член 66**

(1) Корисникот на услуга (инвеститор) пред добивање на одобрение за градење на нов објект, реконструкција или доградба на постоечки објект е должен да прибави потврда од Давателот на услуга за постоење или непостоење на канализациона мрежа под објектот, за што се однесува одобрението, односно техничка можност за приклучување на канализационата мрежа. Корисникот на услуга е должен да ја одржува канализационата мрежа на Корисникот на услуга на сопствена сметка.

(2) Корисниците на услуга се должни веднаш да го известат Давателот на услуга за оштетувањето или дефект што ќе настане на канализационата мрежа на Корисникот на услуга.

(3) Корисниците на услуга кои вршат индустриска или трговска дејност се должни да извршат поребно пречистување на начин утврден со закон пред да ги испуштат индустриските отпадни води во канализациониот систем.

(4) Сопственикот или корисникот на земјиштето е должен да дозволи премин преку тоа земјиште заради вршење премер, снимање, проектирање, изградба и изведување на работи за одржување и реконструкција на објектите на канализациониот систем.

(5) Секој сопственик на изграден или делумно изграден објект е должен да ја спои својата куќна канализација со уличната канализација истовремено кога уличната канализација ќе биде изградена.

**Член 67**

(1) Давателот на услуга има право да го прекине одведувањето на урбаните отпадни води во следните случаи:

(1.1) кога Корисникот на услуга и по претходна писмена опомена не ја исполнува обврската за плаќање на надоместокот;

(1.2) ако продолжувањето на одведувањето на урбаните отпадни води би претставувало опасност за трети лица или за животната средина и природа;

(1.3) ако правно или физичко лице бесправно е поврзано на канализациониот приклучок;

(1.4) ако Корисникот на услуга на својот приклучок, дозволи приклучување на друг корисник без одобрение и согласност на Давателот на услуга;

(1.5) ако Корисникот а услуга врши одведување на води со примена на киселина, алкохолни и други соли, води кои содржат бензин, нафта, разни масла и други хемикалии што разорно делуваат на каналските цевки и топли води со температура над 40 C°.

(1.6) ако Корисникот на услуга врши одведување на води и предмети што развиваат токсични експлозивни гасови;

(1.7) ако Корисникот на услуга врши одведување на води и предмети причинители на заразни и паразитни заболувања и радиоактивно зрачење;

(1.8) ако Корисникот на услуга врши одведување на отпадни води со предмети и примеси што можат да ја оштетат канализационата мрежа или да го попречат правилното функционирање на мрежата;

(1.9) ако Корисникот на услуга со одведувањето на отпадна вода врши одведување на ѓубре, пепел, коски, гипс, цемент, песок, крпи и други предмети што можат да ја оштетат или зачепат канализационата мрежа и отворените водотеци и го попречат нивното нормално функционирање;

(1.10) ако е донесено решение од надлежен инспекциски орган; и

(1.11) ако настане поголемо оштетување на канализационата мрежа во имотот на Корисникот на услуга, а со цел да се отстрани оштетувањето и сопре поголемо оштетување.

(2) Трошоците за прекинувањето и повторното приклучување од ставот (1) на овој член паѓаат на товар на Корисникот на услуга.

**Член 68**

Заради заштита и спречување на оштетување на канализациониот систем се забранува:

(1) изградба на станбени и други објекти над канализационата мрежа;

(2) приклучување на канализационата мрежа без одобрение за приклучување;

(3) испуштање на цврсти материи: песок, земја, цемент, вар, камења, дрва, пепел, трска, метал, стакло, пластични материи, катран и други слични материи со поголем вискозитет во канализациониот систем;

(4) испуштање на урбани отпадни води, чија концентрација на сулфатниот јон е поголема од 400 мг/л, како и урбани отпадни води од септички јами и отпад во канализациониот систем;

(5) испуштање на отпадни материи и води кои ги оштетуваат ѕидовите на канализациониот систем;

(6) испуштање на нафта и нафтени деривати, како и цврсти и течни запаливи и експлозивни материи во канализациониот систем;

(7) испуштање на отпадни води од домаќинства и индустриски отпадни води во системот на атмосферската канализација, односно испуштање на атмосферски води во канализациониот систем за отпадни води од домаќинства и индустриски отпадни води;

(8) испуштање на индустриски отпадни води во канализациониот систем без претходо извршено потребно пречистување;

(9) на било каков начин се врши оштетување на канализационата мрежа;

(10) испуштање на предмети што развиваат тоскични експлозивни гасови; и

(11) испуштање на предмети и материи што се причинители на заразни и паразитни заболувања и радиоактивно зрачење.

## VI. ОДВЕДУВАЊЕ И ИСПУШТАЊЕ НА АТМОСФЕРСКИ ВОДИ

**Член 69**

(1) Под одведување и испуштање на атмосферски води се подразбира прифаќање на атмосферските води од урбаните површини, одведување со канализационата атмосферски мрежа и испуштање во реципиентот.

(2) Атмосферски води се сите површински води предизвикани од атмосферските врнежи кои преку сливниците се слеваат во атмосферската канализација.

(3) Атмосферска канализација (мрежа) е збир на хидротехнички објекти кои служат за прифаќање, одведување и испуштање во реципиентот на атмосферската вода од урбаните површини.

**Член 70**

Дејноста за вршење на одведувањето и испуштањето на атмосферските води ја врши Давателот на услуга.

**Член 71**

Давателот на услуга врши:

(1) прифаќање, одведување и испуштање на атмосферските води од урбаните површини преку атмосферскиот канализационен систем до реципиентот; и

(2) управување и одржување на атмосферската канализациона мрежа.

**Член 72**

Давателот на услуга е должен:

(1) трајно и непрекинато да обезбеди одведување на атмосферските води од урбаните површини преку изградената атмосферска канализациона мрежа;

(2) да се грижи за исправноста и функционирањето на целокупната атмосферска канаизациона мрежа а посебно да врши редовно пречистување и да врши поправка на оштетените придружни објекти на атмосферската канализациона мрежа;

(3) да врши редовно чистење на коритата на отворените канали и водотеци во градежниот опфат на градот или населените места;

(4) во случај на поголеми врнежи од дожд или брзо топење на снегот да обезбеди дежурна служба за интервенција и итно санирање и отстранување на настанатите штети со цел да се обезбеди нормалното функционирање на атмосферската канализациона мрежа;

(5) да врши редовна поправка на оштетените делови од атмосферската канализациона мрежа;

(6) да обезбеди целосна документација на канализациониот систем за прифаќање на атмосферските води, заради воспоставување на подземен катастар.

**Член 73**

Заради заштита и спречување на оштетување на атмосферската канализациона мрежа се забранува:

(1) испуштање на отпадни води од домаќинствата и индустриски отпадни води во системот на атмосферската канализација;

(2) испуштање на отпадни води од септичките јами и друг отпад во системот на атмосферската канализација;

(3) испуштање на нафта и нафтени деривати, разни масла и слично како и цврсти и течни запаливи материи и експлозивни материи во системот на канализационата атмосферска мрежа;

(4) приклучување на фекалната канализација во атмосферската канализација;

(5) фрлање на било какви предмети и отпадоци во отворените канали и водотеци; и

(6) оштетување на атмосферската канализациона мрежа и нејзините придружни објекти.

## VII. ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЧНА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА И ДРУГИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ ОД ЛОКАЛНО ЗНАЧЕЊЕ

### Член 74

Под одржување на улична сообраќајна сигнализација и други инфраструктурни објекти од локално значење во смисла на оваа Одлука се подразбира редовно одржување на вертикалната и хоризонталаната сигнализација и другите инфраструктурни објекти на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Гази Баба (семафори, сообраќајни знаци, патокази, огради на мостовите, надвозниците и слично) како и зимско одржување на локалните патишта и улици.

### Член 75

Работи за редовно одржување на локалните патишта и улици се:

(1) поправка на коловозот и трупот на патот;
(2) чистење на коловозот, уредување на банкини, заштита на косини, насипи, усеци и засеци, чистење и уредување на одводите на патот, енденците, риголи, патни канавки, сливници, поправка на потпорни и обложни ѕидови и други објекти на патот;
(3) работи на одржување на електрични инсталации - замена на дотраени светилки на раскрсници и друго осветлување на патот;
(4) одржување на прегледност на локалните патишта и улици особено на места на вкрстување;
(5) косење на трева уредување и одржување на зелени површини и насади во патниот појас;
(6) чистење на снег и мраз од коловозот, посипување на коловозот со сол или абразивни средства во осојничките места, мостовите, делниците со поголеми наклони на патот, како и на други места во случај на појава на мраз на коловозот; и
(7) чистење, поставување, замена и поправка на хоризонталната и вертикалната сигнализација на патот, на огради и заштитна мрежа на патот и на друга опрема на патот.

### Член 76

Заради заштита на локалните патишта и улици забрането е:

(1) заземање земјиште од локалниот пат или улица;
(2) спречување на истекување на атмосферски води, ниту менување на природниот тек на водите;
(3) пасење на стока, косење на трева, оштетување и сечење на дрвјата покрај патот, како и оштетување и однесување на материјалите наменети за одржување на локалните патишта и улици;
(4) спуштање на дрвја и други материјали по косините на патот;
(5) влечење на греди, трупци, плугови, камени блокови и железнички шипки и други слични предмети;
(6) кочење на запрежни возила со блокирање на тркалата;
(7) свртување на работни машини и други уреди при обработка на земјата;
(8) градење на поила за стока и пуштање на стока во заштитниот појас;
(9) фрлање шут, отпадоци, држење на ѓубришта или гнојни јами во заштитниот појас на патот;
(10) оставање на отпадоци, смет или други материјали на коловозот, банкината, патниот појас или тротоарот;
(11) испуштање на отпадни или други води и други нечистотии на патот и во патниот појас или во одводните канали или спречување на истекнување на водата по патот или одводните канали;
(12) нанесување кал од пристапните патишта на патот со современ коловоз;
(13) приклучување или исклучување на возила од патот надвор од уредените места определени за тоа;
(14) движење на возила по пешачка патека (тротоар или банкина на патот);
(15) поставување светлосни направи покрај патот коишто му пречат на сообраќајот;
(16) терање на стока надвор од местата определени за премин преку патот;
(17) попречување користење на патот или улицата, прекопување на коловозот, оставање пречки и друг материјал на коловозот или неовластено поставување разни препреки;

(18) уништување сообраќајни знаци, патокази, семафорски уреди и друга опрема којашто е во функција на локалните патишта и улици;

(19) отварање и отстранување на поклопците (капаците) на уличните шахти и решетки; и

(20) вршење на други работи со кои може да се оштети патот или да се попречува и загрозува сообраќајот на патот.

## VIII. ЧИСТЕЊЕ НА СНЕГОТ

### Член 77

Зимското одржување на локалните патишта и улици опфаќа редовно чистење на сметот од коловозот, паркиралиштата и тротоарите и фрлање на сол во услови на голомразица.

### Член 78

(1) Начинот, нормативите и другите услови за отстранување на снегот и ледот се утврдува со Програма донесена од Советот на Општина Гази Баба.

(2) Снегот и ледот од покривите покрај јавните сообраќајни површини се отстранува кога постои можност да се одронат и да ја загрозат сигурноста на сообраќајот.

### Член 79

Правните или физичките лица кои ја извршуваат Програмата за зимско одржување се должни, секојдневно, да го известуваат Одделението за инспекциски надзор на Општина Гази Баба за состојбата на јавните сообраќајни површини и за мерките што се преземени за извршување на Програмата.

### Член 80

За отстранување на снегот и ледот од јавните паркиралишта, пазарите на мало, спортските објекти и слични простори се грижат правните или физичките лица кои управуваат со тие површини, односно кои вршат деловна дејност.

### Член 81

За отстранување на снегот и ледот од тротоарите пред зградите деловните простории, одговорни се сопствениците на зградите, односно сопствениците и корисниците на становите и деловните простории.

### Член 82

Давателот на услуга врши одржување на улиците и тротоарите во зимски услови, чистење на снегот од тротоарите и плоштадите, правење пешачки патеки, а по потреба машинско и рачно посипување на сол.

## IX. ОДРЖУВАЊЕ НА ГРОБОВИ, ГРОБИШТА И ДАВАЊЕ НА ПОГРЕБАЛНИ УСЛУГИ

### Член 83

Гробишта во смисла на оваа Одлука се земјиште коешто служи за погреб на умрените, како и земјиште на коешто постојат видливи знаци за погребување на умрените.

### Член 84

(1) Гробиштата се градат, уредуваат и одржуваат во согласност со урбанистичките и санитарните прописи.

(2) Одржување на гробиштата претставува тековно и инвестиционо одржување на комуналната инфраструктура и придружните објекти на гробиштата.

(3) Гробна такса (гробарина) е надомест за одржување на гробиштата.

(4) Во местата во кои живеат припадници на разни вероисповести, на гробиштата се определува дел за секоја вероисповест.

**Член 85**

(1) Погребот на умрените се врши само на гробиштата.

(2) На гробиштата се погребуваат умрени лицата кои во часот на смртта имале живеалиште или престој на подрачјето на Општина Гази Баба и поранешни жители на Општина Гази Баба.

**Член 86**

На гробиштата, освен гробовите, гробниците, надгробните споменици и надгробните знаци, можат да се градат само објекти за санитарна и техничка служба на гробиштата, мртовечница за чување на умрените до погребот и други објекти со функционална намена на гробиштата.

**Член 87**

На гробиштата може да се одржуваат само собири кои се во врска со погребот или со вообичаените помени.

**Член 88**

(1) Со гробиштата управува Давател на услуги кој врши работи на изградба, реконструкција, управување и одржување на гробиштата.

(2) Давателот на услуга донесува Програма за уредување, одржување и користење на гробиштата, во согласност со Советот на Општина Гази Баба.

(3) Давателот на услуга го обезбедува закопот на посмртните останки на починатите и води евиденција за гробните места.

**Член 89**

(1) За уредување и одржување на гробиштата се грижи Давателот на услуга, а за уредување на поедините гробови се грижат корисниците на услуга.

(2) На гробиштата или во нивна непосредна близина мора да се одреди посебен простор за фрлање на ѓубре, остатоци од венци и цвеќиња и останати отпадоци.

**Член 90**

Давателот на услуга се грижи за:

(1) обезбедување на потребните санитарно-технички објекти во гробиштата на погодно место, како што се чешми, полски клозети и друго;

(2) проодност и исправност на патеките до гробните места;

(3) исправност на објектите за вода;

(4) одржување на зеленилото; и

(5) чистење на гробиштата и слично.

**Член 91**

(1) Вршењето на верските обреди на гробиштата е слободно и може да се врши секој ден во секое време.

(2) Корисниците на гробните места се должни да се придржуваат на редот за одржување на гробиштата и да се однесуваат онака како што одговара на местото и должното почитување кон починатите.

**Член 92**

(1) На гробиштата не се дозволува:

(1.1) викање и на друг начин нарушување на мирот во гробиштата;

(1.2) носење на кучиња и други животни;

(1.3) пасење на стока;

(1.4) неовластено косење на трева;

(1.5) оштетување на гробовите, надгробните споменици и знаци, клупите и останатите објекти;

(1.6) оштетување на оградата на гробиштата;

(1.7) собирање на прехранбени и други производи од гробовите оставени од блиските на починатите; и

(1.8) поставување на непристојни натписи или било какви реклами.

(2) Забранети се натписи со кои се навредува било чија етничка и верска припадност или со кои се навредува почитувањето на починат.

**Член 93**

Давателот на услуга, со претходно добиена согласност на Министерството за здравство, може да одобри екскумација на гробно место по барање на заинтересирано лице или по барање на надлежен орган.

**Член 94**

Давателот на услуга води евиденција за:

(1) сите видови на гробови;

(2) починатите лица закопани во гробиштата;

(3) ископаните лица кои биле закопани на гробиштата, а подоцна се пренесени на друга гробишта;

(4) именик за закопаните лица со ознака на гробот на кое тие се закопани.

**Член 95**

(1) Оператор на погребални услуги е правно или физичко лице кое врши работи на преземање на починатото лице од местото каде што починало, превезување до мртовечницата, чување, опремување и превоз на починатото лице до местото на погреб, погребување или кремирање.

(2) Операторот врши пренесување на посмртните останки на починатиот со мртовечка кола, а во населените места на вообичаен начин.

(3) Работното време на капелата е од 6,00 до 20,00 часот во летниот период и од 8,00 до 15,00 часот во зимскиот период.

(4) Во капелата функционира дежурна екипа во текот на 24 часа.

(5) Дозволено е седење во капелата, односно во просторијата за изложување на покојниот само два часа пред времето на погребот.

(6) Посмртните останки на лица умрени од акутни заразни болести може да се внесат во капелата само во лимен сандак и отварање на таквите сандаци не е дозволено.

## X. ВРШЕЊЕ НА ОЏАЧАРСКИ УСЛУГИ

**Член 96**

(1) Под вршење на оџачарски услуги се подразбира чистење и контрола на објектите за спроведување на чад и опремата за ложење.

(2) Оџачарските услуги може да ги врши Давателот на услуга во согласност со Закон.

**Член 97**

Корисници на оџачарски услуга се сите правни и физички лица кои имаат во сопственост или користат станбени или деловни простори на подрачјето на Општина Гази Баба.

**Член 98**

(1) Корисниците на услугата се должни да извршат чистење на оџаците најмалку еднаш годишно доколку истите ги користат во грејната сезона.

(2) Чистењето на оџаците вообичаено се врши пред почетокот на грејната сезона и тоа во месеците септември и октомври.

**Член 99**

(1) На барање на корисникот на услугата, Давателот на услуга е должно да изврши чистење на оџаците.

(2) Давателот на услуга претходно писмено ги известува корисниците на услугата за денот и часот кога ќе се чистат оџаците.

(3) Станарите во колективните станбени згради се должни на лицето кое врши оџачарски услуги непречено да му овозможат чистење на оџаците ако за истото бидат писмено известени од страна на Давателот на услуга и тоа во рок од најмалку 5 дена пред отпочнувањето на чистењето.

**Член 100**

Висината на цената и начинот на плаќањето на оџачарските услуги се утврдува со одлука на Советот на Општина Гази Баба, по предлог на Давателот на услуга.

## XI. ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ОТВОРЕНИ И ЗАТВОРЕНИ ПАЗАРИ НА ГОЛЕМО И МАЛО

**Член 101**

(1) Под одржување и користење на отворени и затворени пазари на големо и мало се подразбира одржување на комуналните објекти, односно просторот на објектите изградени за давање услуги на трговија.

(2) Трговија на мало е продавање на стоки на крајните потрошувачи.

(3) Како трговија на стоки на крајните потрошувачи се смета трговијата на стоки за лична потрошувачка и трговија на стоки за потребите на домаќинствата.

**Член 102**

(1) Одржувањето и користењето на пазарите го врши Давателот на услуга.

(2) Давателот на услуга е должен пазарите секојдневно да ги чисти и одржува уредно и во хигиенска состојба, а во зимскиот период да го чисти снегот и мразот.

(3) Давателот на услуга е должен најмалку еднаш неделно да врши детално миење на зелените пазари.

**Член 103**

На пазарите мора да има доволен број типизирани контејнери за отпад од 1x2 м², поставени на соодветни места.

**Член 104**

(1) На зелените пазари се врши трговија на големо и мало на земјоделски стоки под условите пропишани со закон и друг пропис.

(2) На посебно организирани делови на зелените пазари може да се врши трговија на големо и мало и на други стоки под услови пропишанио со закон и друг пропис.

**Член 105**

(1) Давателот на услуга е должен да утврди и истакне пазарен ред со ценовник и да се придржува на пазарниот ред и работното време со тоа што  да го контролира дотурот на стока на пазарот и истиот да не претставува пречка за крајните потрошувачи.

(2) Пазарните површини треба да бидат изградени со асфалт или бетонска подлога, со рамна или мазна површина, погодни за чистење и миење, со доволен број сливници, исправна канализациона мрежа со доволно количество на здрава и исправна вода за пиење и санитарен јазол, односно посебни клозети за машки и женски пол.

(3) Производите што се продаваат на земјоделските пазари мора да бидат сместени на хигиенски тезги.

**Член 106**

(1) На сточните пазари може да се изложат за промет само жив крупен и ситен добиток, како и перјаста живина, а на зелените земјоделски пазари само земјоделски производи.

(2) Висината на цената за користење на услугата од членот 105 на оваа Одлука и начинот на плаќањето ги утврдува Советот на Општина Гази Баба, по предлог на Давателот на услуга.

## XII. ОДРЖУВАЊЕТО И КОРИСТЕЊЕТО НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА

### Член 107

Јавните површини од членот 2 на оваа Одлука се одржуваат и користат во согласност со нивната намена.

### Член 108

(1) Јавните површини мора да се одржуваат во уредна и чиста состојба, што подразбира особено:

(1.1) одржување на јавната чистота;

(1.2) одржување на зеленилото;

(1.3) поправка на оштетените делови;

(1.4) отстранување на градежен и друг отпад;

(1.5) отстранување на остатоци од масла и масти, парафин и гуми за џвакање од тротоари, плоштади и пешачки патеки;

(1.6) преземање други работи, како и воздржување од активности со цел површината да биде во уредна состојба.

(2) За уредна и чиста состојба на уредените и изградените јавни површини се грижи Давателот на услуга со посебни прописи на Општина Гази Баба, во согласност со закон.

(3) За уредна состојба на неизграденото градежно земјиште наменето за уредување или изградба на јавни објекти или јавни површини должен е да се грижи сопственикот, односно корисникот (непосредниот држател) на тоа земјиште.

### Член 109

Забрането е на јавни површини без одобрение или во спротивност на издадено одобрение од градоначалникот на Општина Гази Баба, да се вршат било какви работи, освен работи на редовно одржување на тие површини.

### Член 110

На јавните површини, заради нивна заштита, се забранува вршење на какви било активности или нивно пропуштање со што се оштетува или валка јавната површина, особено:

(1) оставање на градежен материјал, предмети и разновиден отпад, и каков било вид на пречки;

(2) противправно прекопување и друг вид оштетување;

(3) движење на возила по тротоари или пешачки патеки, велосипедски патеки и зелени површини, освен на места предвидени, уредени и обележани за паркирање;

(4) пасење стока;

(5) оставање и чување на амбалажа пред или надвор од деловниот објект;

(6) поправање, сервисирање и миење на возила;

(7) испуштање на отпадни води;

(8) продавање или изложување на производи или вршење на дејности пред или надвор од деловниот објект, освен во случаите, под условите, на начинот и во постапката утврдени со Закон или акт на Општина Гази Баба;

(9) цртање и пишување на пораки, реклами или други текстови без претходно одобрение од градоначалникот на Општина Гази Баба, освен за хоризонталана сообраќајна сигнализација;

(10) противправно поставување на подвижни реклами и други предмети и направи што го попречуваат слободното и непреченото движење и користење на јавните површини;

(11) оштетување и загадување на објектите на комуналната инфраструктура, на уредите и комуналната опрема;

(12) противправно поставување, интервенции, отстранување или преместување на објекти на комуналната инфраструктура, уредите и опремата, како и попречување на нивното поставување;

(13) оштетување и уништување сообраќајни знаци, патокази, семафори и друга опрема во функција на сообраќајот;

(14) отворање и отстранување на капаци на шахти и отвори на јавни површини; и

(15) противправно поставување на помошни објекти (гаражи, брвнари, остави, шупи и слично).

**Член 111**

На јавни површини се забранува:

(1) попречување на користење на улица со запирање или оставање на возило особено на:

(1.1) делот од тротоарот кој не е означен за паркирање, односно на паркиралиште надвор од обележаните линии на паркинг места; пешачка зона; плоштад; пешачки премини; велосипедски патеки; зона на смирен сообраќај, освен на обележани места за паркирање и запирање;

(1.2) автобуска и трамвајска постојка, такси станица, сообраќајна лента наменета исклучиво за движење на возила на јавниот превоз на патници;

(2) запирање или оставање на возило на делот на јавна сообраќајна површина на којшто се поставени садови за смет, на начин на којшто се попречува подигањето/празнењето на сметот од садовите;

(3) запирање или оставање на возило на делот од јавна површина со што се попречува користење на пешачки комуникации, приод кон објекти, пристапот до објект заради интервенција на возила за брза помош, противпожарна заштита, на полиција, јавни служби и слично, пристап на друго возило заради паркирање или излегување на возилото од паркиралиштето или дворното место и слично;

(4) движење, запирање или паркирање на возила на јавна зелена површина, зелена површина околу јавните објекти и зелена површина околу деловни и колективни станбени објекти;

(5) движење на запрежни возила;

(6) оставање на нерегистрирани, хаварисани или напуштени возила; и

(7) оставање на приклучни возила, камп приколки, чамци, камп возила, земјоделски машини и друго.

**Член 112**

Се забранува пред, односно покрај згради и огради или на згради и огради да се оставаат уреди или предмети што можат да повредат минувачи или да им предизвикаат штета, како и таквите предмети да се оставаат на јавна површина.

**Член 113**

На одржувањето, заштитата и користењето на јавните површини, покрај одредбите на оваа Одлука, се применуваат и одредби од закон и друг пропис.

## 1. Објекти на комуналната инфраструктура, комунални уреди и урбана опрема

**Член 114**

(1) На јавни површини во надлежност на Општина Гази Баба, заради функционирање на комуналните дејности, уреденост, разубавување и хуманизација на просторот, можат да се градат, односно поставуваат објекти на комуналната инфраструктура, комунални уреди и урбана опрема.

(2) Објектите на комуналната инфраструктура, комуналните уреди и урбаната опрема се градат, односно се поставуваат и одржуваат во согласност со закон и други акти (одлуки, правилници и програми) на Општина Гази Баба.

(3) Одржувањето на објектите на комуналната инфраструктура, комуналните уреди и опрема го врши Давателот на услуга. Давателот на услуга е должен да води евиденција за состојбата на инфраструктурата, уредите и опремата, за настанатите промени и преземените активности.

(4) Поставување на електрични, телекомуникациски и други инсталации на јавни површини, по

правило, се врши подземно, по претходно добиено одобрение од градоначалникот на Општина Гази Баба.

(5) По исклучок од ставот (4) на овој член, нови инсталации можат да се поставуваат и над земја, кога е тоа неопходно, заради специфичноста на теренот и под услов да не го попречуваат нормалното одвивање на сообраќајот и да не го нарушуваат естетскиот изглед и нормалното користење на јавните површини.

(6) Јавните чешми и фонтани имаат свој водомер, одводен приклучок и уреден пристап.

**Член 115**

(1) Под одржување на објектите на комуналната инфраструктура, комуналните уреди и опрема се подразбира нивно одржување во уредна, исправна и функционална состојба.

(2) Заради заштита на објектите на комуналната инфраструктура, комуналните уреди и опрема, се забранува:

(2.1) кршење на објектите, уредите и опремата;
(2.2) пишување, цртање или шарање на објектите, уредите и опремата;
(2.3) лепење на плакати, реклами, огласи и слично;
(2.4) миење и перење на чешмите, фонтаните и водоскоците;
(2.5) напојување животни на чешмите, фонтаните и водоскоците;
(2.6) загадување на водата во фонтаните и водоскоците;
(2.7) фрлање и оставање на отпад; и
(2.8) палење на оган на или близу објектите, уредите и опремата.

**2. Јавно осветлување**

**Член 116**

Изградба и одржување на јавното осветлување на магистралните и собирните улици и на јавните зелени површини во Општина Гази Баба се врши во согласност со развојните планови на Општина Гази Баба.

**Член 117**

Под одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Гази Баба се подразбира одржување на објектите и инсталациите на уличното осветлување во исправна состојба, редовна замена на светлечките тела (светилки и арматури), чистење и боење на електричните столбови.

**Член 118**

(1) Јавните сообраќајни површини, пешачките и другите главни патишта на јавните зелени површини мораат да имаат јавно осветлување.

(2) Светлосните тела мораат да бидат функционални и естетски обликувани.

(3) Јавното осветлување мора редовно да се одржува во состојба на функционална способност.

(4) Јавното осветлување, по правило, мора да свети преку целиот ноќен период.

**Член 119**

На предлог на Давателот на услуга, Советот на Општина Гази Баба донесува годишна програма за одржување на јавното осветлување на Општина Гази Баба во којашто е утврдена динамиката и обемот на одржувањето, потребните средства за одржување на јавното осветлување, потрошувачката на електричната енергија за јавното осветлување, прибраната такса од корисниците и бројот на корисниците.

**Член 120**

Давателот на услуга се грижи за спроведување на реализацијата на годишната програма за одржување на јавното осветлување.

**Член 121**

Заради исправно и целосно функционирање на јавното осветлување забрането е:

(1) самоволно приклучување на мрежата од улично осветлување;

(2) оштетување и уништување на светлечките тела и електричните столбови; и
(3) поставување огласи, известувања, реклами и слично, освен со одобрение од надлежен орган.

## 3. Прекопување на јавни површини

### Член 122

(1) На јавни површини може да се вршат прекопи и слични дејствија заради поставување, поправка и замена на инсталации и други објекти на комуналната инфраструктура, уреди и опрема, само со одобрение од градоначалникот на Општина Гази Баба.

(2) Со одобрението од ставот (1) на овој член се определува рокот за извршување на прекопот, мерките за заштита на имотот и жителите, обврската за геодетско снимање на подземната инсталација, како и рокот и начинот на доведување на јавната површина во првобитна состојба.

(3) Инвеститотор на работите од ставот (1) на овој член е должен на сметка на Општина Гази Баба да депонира средства за покривање на трошоците за доведување на јавната површина во првобитната состојба или да обезбеди договор со Давателот на услуга за одржување на соодветната јавна површина.

(4) Работите од ставот (1) на овој член, не можат да се вршат по уредувањето на јавната површина, освен во случај на потреба заради итно отстранување на дефект на комуналната инфраструктура.

### Член 123

Со барањето за прекопување на јавна површина инвеститорот е должен да поднесе: прописна техничка документација и доказ за депонирани средства или обезбеден договор од членот 122 став (3) на оваа Одлука.

### Член 124

(1) Кога е неопходно да се отстранат последиците настанати од дејство на виша сила или се работи за дефект чиешто неотстранување може да го загрози здравјето и имотот на жителите, дозволено е прекопување на јавните површини без одобрение од членот 122 на оваа Одлука.

(2) Инвеститорот на работите е должен во рок од 3 дена од денот на отстранувањето на последиците од виша сила, односно дефектот, да поднесе писмено барање за издавање одобрение за прекоп.

### Член 125

(1) На јавна површина можат да се вршат прекопи, по правило, од 15 март до 15 ноември.

(2) По исклучок, со одобрение на градоначалникот на Општина Гази Баба може да се вршат прекопи и надвор од периодот утврден во ставот (1) на овој член, доколку за тоа постојат оправдани причини.

## 4. Отвори

### Член 126

(1) Заради безбедност на пешаците и сигурност на сообраќајот, сите отвори на коловозите, тротоарите и други сообраќајни површини, паркови, отворени простори на јавни објекти, дворни места, премини и други слични места мора да бидат покриени со соодветни капаци, решетки или друг вид затворачи.

(2) Отвори во смисла на ставот (1) на овој член се сметаат особено:

(2.1) отвори за водоводни, канализациони, електрични, телекомуникациски, топлификациски, гасоводни и други инсталации и уреди;

(2.2) отвори за уфрлање на огревен и друг материјал, отвори за осветлување на простории (хоризонтални светларници) и слично.

## 5. Затворачи на отвори

### Член 127

(1) Затворачите за отворите од членот 126 на оваа Одлука мора да бидат изработени така да го оневозможуваат лизгањето на нагазната површина, да бидат обезбедени (забравени), а доколку се наоѓаат на коловоз мораат да имаат и дихтунг против бучава.

(2) Оштетените затворачи мора да се заменат.

(3) За време на изведување на работи во отворот, лицето кое ги изведува работите должно е отворот да го огради со препреки и обележи со видливи знаци, а по завршување на работите отворот прописно да го затвори и површината околу отворот да ја доведе во чиста и уредна состојба.

(4) За одржување на отворите од членот 126 став (2) точка (2.1) се грижат субјектите на кои им припаѓаат инсталациите и уредите во отворот, а за отворите од членот 126 став (2) точка (2.2) сопствениците на просториите.

(5) Се забранува оштетување, отстранување или отуѓување на капаците од отворите од членот 126 на оваа Одлука.

## 6. Градилишта

### Член 128

Јавни површини можат привремено да се користат за потреби на градилиште, како места за утовар, истовар и сместување на градежен материјал, за паркирање односно оставање на градежни возила и машини, за изведување на градежни активности, за подигање на скелиња, огради на градилиште и слично, доколку тоа не е во спротивност со прописите за безбедноста во сообраќајот.

### Член 129

(1) За работите од членот 128 на оваа Одлука, на барање на инвеститорот/изведувачот, градоначалникот на Општина Гази Баба и инвеститорот/изведувачот склучуваат договор за краткотраен закуп на градежно земјиште (јавна површина), во согласност со Законот за градежно земјиште.

(2) Во договорот се дефинираат времетраењето на закупот, висината на закупнината и други услови во врска со користењето на закупеното земјиште.

(3) Надлежниот орган за издавање на одобрение за подготвителни работи според прописите за градба, не може да му издаде на инвеститорот, односно изведувачот одобрение за подготвителни работи, доколку претходно не е склучен договорот од ставот (1) на овој член.

### Член 130

(1) При изведување на работи од членот 129 од оваа Одлука изведувачот мора да обезбеди проодност на тротоарот и коловозот.

(2) Јавната површина дадена на привремено користење мора да биде оградена.

(3) Оградата мора секогаш да се одржува, а за време на ноќта, како и за време на магла, мора прописно да биде означена и осветлена со повеќе зацврстени светилки со портокалова боја.

### Член 131

(1) Оградите на градилиштата и градежните скелиња (вклучувајќи ги и заштитните прекривачи) поставени на јавна површина односно на друга површина што се со поглед кон улица или плоштад, мора да бидат во уредна состојба (чисти, неоштетени, без плакати и слично).

(2) Ако работите се изведуваат на зграда која е утврдена како културно наследство или ужива посебна заштита или се наоѓа во заштитена културно-историска целина или зградата се гради во таква целина, заштитната прекривка на скелето мора да биде насликана со фасадата на објектот во размер 1:1.

(3) За уредна состојба на оградата на градилиштето, градежното скеле и заштитната прекривка на градежното скеле должен е да се грижи инвеститорот односно изведувачот на работите.

(4) Преминот под скелето мора да се заштити од истурање и паѓање на материјалот, односно да биде изведен на начин што овозможува безбедно поминување.

**Член 132**

(1) Изведувачот на работите е должен да создаде услови земјата и градежниот материјал да не се растура на јавна површина.

(2) Изведувачот на работите мора градежниот материјал да го обезбеди на начин да не се спречува одведувањето на атмосферската вода.

(3) Се забранува оставање на градежен материјал, шут, габаритен и друг отпад, мешање на бетон и малтер, чување и работа со арматури и други пропратни градежни активности на јавна површина, надвор од одобрената за користење, како и согорување или на друг начин физичко и хемиско третирање на отпадот што се создава при изведување на градежни работи на начин што би предизвикал загрозување на животната средина, животот и здравјето на луѓето, како и нагрдување и неуредност на просторот.

(4) Изведувачот е должен, пред добивање на одобрение за подготвителни работи, да обезбеди доказ за начинот на кој ќе се постапува со градежниот шут и другиот инертен отпад, што ќе се создаде во текот на изведувањето на градежните активности, во смисла на членот 54 од Законот за управување со отпадот (самостојно да го собере и да го транспортира отпадот или да го предаде на Давателот на услуга за собирање и транспортирање на отпад).

(5) Мобилни тоалети на градилиште мора да се поставуваат внатре во оградениот простор и оддалечени од улица или плоштад или соседен објект најмалку 3 метри.

(6) Се забранува оставање на градежен материјал, шут, габаритен и друг отпад, покрај дрвја, како и користење на дрвјата за вршење на било какви градежни активности што предизвикуваат нивно оштетување.

(7) Ако градежните работи, од какви било причини, бидат прекинати на подолго од 30 дена, изведувачот на работите е должен да го отстрани скелето, оградата и другиот материјал и да ја ослободи јавната површина.

**Член 133**

При изведувањето на работите од членот 128 на оваа Одлука, изведувачот е должен да презема мерки со кои ќе се спречува валкањето на јавната површина, особено:

(1) чистење, односно обезбедување на чистење на јавната површина околу градилиштето од сите видови градежни и други материјали, кал и сите видови на талози што остануваат на јавната површина како последица на градежните активности во градилиштето;

(2) полевање на трошниот (растреситиот) материјал за време на рушење на градежните објекти, со цел да се спречи создавање (кревање) на прав;

(3) чистење на уличните шахти во близина на градилиштето;

(4) депонирање на градежниот материјал во границите на градилиштето, со цел да не се попречува сообраќајот, слободното движење и слободното истекување на вода и материјалот да не се разнесува по јавната површина; и

(5) чистење и миење на валкани тркала на возилата во градилиштето пред нивното вклучување во сообраќај.

**Член 134**

По престанувањето на потребата за користење на јавна површина, инвеститорот односно изведувачот на работите е должен да ја извести Општина Гази Баба за престанокот на користењето на јавната површина и истата да ја остави во состојба каква што била пред користењето, односно изведувањето на работите.

## 7. Утовар и истовар (дотур) на роба

### Член 135

(1) Утовар и истовар (дотур) на роба и материјал до продажниот или магацинскиот деловен простор, по правило, мора да се врши вон од јавните површини.

(2) По исклучок, поради недостаток на простор или приод, утовар и истовар на роба и материјал може привремено да се изврши на јавна површина.

(3) Во случај утоварот и истоварот на роба и материјал да се врши на јавна површина, робата, односно материјалот мора да се наредат така да не пречат на сообраќајот на возилата и на пешачкото движење и да се отстранат најдоцна во рок од 30 минути по истоварот.

(4) Работите од ставот (1) на овој член може да се вршат само по претходно добиено одобрение од градоначалникот на Општина Гази Баба.

## 8. Дрва и јаглен

### Член 136

(1) Се забранува складирање, цепење на дрва и кршење на јаглен и други предмети на јавните површини.

(2) За истовар и складирање на огревни дрва, јаглен и слично, како и за сечење и цепење на дрвата и кршење на јагленот, мора да се користат дворните површини.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, кога за истовар на огревни дрва, јаглен и слично е потребно привремено да се користи јавна површина, истата мора да се користи на начин да не се оштетува, како и да не се попречува сообраќајот на возилата и движењето на пешаците.

(4) Дрвата, јагленот и слично мора да се отстранат од јавната површина најмногу за 24 часа, а од користената површина мора веднаш да се исчистат струготините и другиот отпад.

## 9. Движење на домашни миленици на јавна површина

### Член 137

(1) Кучињата и мачките кои се чуваат како домашни миленици може да се изнесуваат и да се движат на јавни површини во согласност со оваа Одлука.

(2) Се забранува егзотични и диви животни кои се чуваат како домашни миленици да се изнесуваат на јавни површини и вон од просторот во кој престојуваат, освен во случаи на промена на местото на престојување и носење кај ветеринар и тоа само во соодветни транспортери прилагодени на видот и големината на животното.

### Член 138

(1) На јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба кучињата мора да се под контрола на сопствениците, односно да се водат на поводник.

(2) По исклучок, куче кое без претходна провокација покажува знаци на агресивност во контакт со луѓе и други животни, односно е со непредвидливо однесување и, како такво, би можело да ја загрози безбедноста на луѓето или другите животни, покрај поводникот, мора да носи и заштитна маска.

(3) Сопственикот на домашниот миленик, како и лицето кое го шета кучето, носи полна одговорност за неговото однесување на јавната површина и за евентуалната штета што ќе ја предизвика.

### Член 139

(1) Куче може да се пушти од поводник и да се движи слободно:

(1.1) во парк и на друга јавна зелена површина, во временски период од 22,00 до 08,00 часот наредниот ден при летно сметање на времето, односно од 18,00 до 09,00 часот наредниот ден при зимско сметање на времето, доколку на таа површина не е определена целосна, односно временски неограничена забрана на слободно движење на кучињата; и

(1.2) на јавна зелена површина која е определена за неограничено слободно движење на кучиња или во специјално за таква намена изградена површина (во натамошниот текст: парк за кучиња).

(2) Се забранува да се пушти куче од поводник и да се движи слободно на јавна сообраќајна површина, во непосредна близина на училишта и други јавни објекти, во дел на парк или друга јавна површина каде има уредено детско игралиште, во дел под цветен засад, како и во парк и на друга јавна зелена површина вон од временската рамка определена во ставот (1) алинеја 1 на овој член.

(3) Општина Гази Баба, по предлог на Давателот на услуга на кого му е доверено уредувањето и одржувањето на јавното зеленило или објект, може да одреди јавна површина на која е забрането шетање на кучиња (на спомен-гробишта, на површини крај споменици и спомен обележја, посебни високодекоративни партери пред значајни јавни установи и институции, сакрални објекти и слично).

(4) Давателот на услуга од ставот (3) на овој член е должен во паркот и на другата јавна површина да постави табли со назнака во кои делови на јавната површина и во кој временски период е забрането слободно движење на кучињата, односно на кои површини е забрането да се шетаат кучиња.

(5) Давателот на услуга е должен да го уредува и одржува паркот за кучиња од ставот (1) алинеја (1.2) на овој член.

**Член 140**

Во парк за кучиња се забранува:

(1) внесување на болни кучиња;

(2) користење на паркот од страна на професионални тренери на кучиња за вршење на обука на кучиња;

(3) внесување на стаклена амбалажа;

(4) внесување и оставање на храна; и

(5) потстрижување, четкање, чешлање и друг вид на одржување на хигиената на кучињата.

**Член 141**

На подрачјето на Општина Гази Баба се забранува особено:

(1) внесување на домашни миленици во објекти и простории:

(1.1) што ги користат органи на државната управа и единици на локалната самоуправа;

(1.2) во кои се врши здравствена заштита на жителите;

(1.3) во кои се врши воспитно-образовна дејност;

(1.4) во кои се обезбедува сместување, престој и исхрана на деца, ученици и студенти;

(1.5) за производство, чување, контрола и промет на лекови;

(1.6) за производство, чување и промет на прехранбени производи; и

(1.7) во верски објекти;

(2) водење и внесување на домашни миленици во спортско-рекреативни објекти, водни површини и јавни пазари, како и во отворени површини на културни, образовни, здравствени и слични објекти;

(3) користење на јавни чешми и фонтани непосредно од домашните миленици; и

(4) потстрижување, четкање, чешлање, капење и други видови на одржување на хигиената на домашните миленици на јавните површини.

**Член 142**

Сопствениците на домашни миленици се должни да го отстранат изметот од јавните површини.

## XIII. ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПРОТИВПРАВНО ПОСТАВЕНИ И ОСТАВЕНИ ПРЕДМЕТИ

**Член 143**

(1) Забрането е противправно поставување и оставање на предмети на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба.

(2) Противправно поставени и оставени предмети се отстрануваат.

**Член 144**

Противправно поставени и оставени предмети, во смисла на оваа Одлука, се предмети што без одобрение на градоначалникот на Општина Гази Баба се поставени и оставени на јавни површини, на објекти на комунална инфраструктура и урбана опрема, и тоа:

(1) (ротациони) сталаци за продажба на весници, списанија, CD и друг печатен или снимен материјал;
(2) колички за продажба на брза храна;
(3) апарати за пуканки, крофнички, шеќерна волна и слично;
(4) фрижидери за сладолед и пијалоци;
(5) статични и подвижни тезги, корпи, гајби и друга амбалажа;
(6) направи за печење и варење костени и пченка;
(7) други апарати или направи во функција на вршење на дејност;
(8) реклами, патокази, плакати со огласи и соопштенија и слично;
(9) бетонски/метални столпчиња и друг вид пречки и блокатори, жардињери и слично;
(10) градежен материјал и отпадоци од градежен материјал (градежен шут);
(11) мобилни тоалети;
(12) стари апарати и предмети од домаќинствата, санитарии, мебел; и
(13) други слични предмети.

**Член 145**

На земјишта и објекти во сопственост што се со поглед кон улица или плоштад забрането е оставање на предмети што со изгледот и поставеноста го нарушуваат општиот изглед на улицата и населбата (стари апарати од домаќинствата, санитарии, мебел, корпи, гајби и друга амбалажа, градежен материјал и градежен шут и други слични предмети).

**Член 146**

(1) Под отстранување на противправно поставени и оставени предмети, во смисла на оваа Одлука, се подразбира нивно подигање, транспортирање и времено сместување и чување на посебно определен и уреден за таа намена простор.

(2) Работите од ставот (1) на овој член ги врши Давателот на услуга.

**Член 147**

(1) Комуналниот инспектор на Општина Гази Баба писмено му наложува на сопственикот, односно корисникот на противправно поставениот и оставен предмет, истиот да го отстрани во определен рок што не може да биде подолг од 15 дена.

(2) Ако сопственикот, односно корисникот не е познат, комуналниот инспектор на Општина Гази Баба истакнува на предметот известување/опомена за обврската, рокот и натамошната постапка за отстранување на предметот.

(3) Сопственикот, односно корисникот на противправно поставениот и оставен предмет, е должен во рокот определен од комуналниот инспектор на Општина Гази Баба или во рокот назначен во известувањето од ставот (2) на овој член да го отстрани противправно поставениот и оставен предмет.

(4) Ако сопственикот, односно корисникот не го отстрани противправно поставениот и оставен предмет во определениот рок, отстранувањето го врши Давателот на услуга по налог и во присуство на комуналниот инспектор на Општина Гази Баба, а за сметка на сопственикот, односно корисникот на противправно поставениот и оставен предмет.

**Член 148**

(1) Давателот на услуга е должен отстранетиот противправно поставен и оставен предмет да го смести на посебно обезбеден простор наменет за сместување на такви предмети и да го чува до негово предавање на сопственикот, односно корисникот на предметот.

(2) Чувањето на предметот не може да трае подолго од 15 дена.

**Член 149**

(1) При примопредавањето на отстранетиот противправно поставен и оставен предмет, неговиот сопственик, односно корисник, е должен да приложи доказ за својот идентитет, како и доказ/изјава за правото врз предметот.

(2) Примопредавањето на предметот се врши по наплатата на трошоците за подигање, транспортирање и чување на отстранетиот предмет, односно со приложен документ за наплатени трошоци.

(3) Доколку сопственикот, односно корисникот на предметот не е познат или предметот не се подигне по истекот на рокот од членот 147 став (3) и членот 148 став (2) на оваа Одлука, Општина Гази Баба ќе му ги надомести на Давателот на услуга направените трошоци за отстранување и чување на предметот.

(4) По истекот на времето од членот 148 став (2) на оваа Одлука, Општина Гази Баба ќе го довери чувањето и користењето на отстранетиот предмет на заинтересирано правно или физичко лице, под условите и на начинот утврдени со договор. Сопственикот, односно корисникот на отстранетиот предмет може да го подигне предметот од ова лице, по плаќање на направените трошоци за чување од негова страна, како и трошоците од ставот (3) на овој член.

**Член 150**

(1) Давателот на услуга со свој акт, ги утврдува трошоците од членот 149 став (2) на оваа Одлука.

(2) Согласност на актот од ставот (1) на овој член дава Советот на Општина Гази Баба.

**Член 151**

За непочитување на одредбата од членот 143 ставот (1) на оваа Одлука, на сопственикот/корисникот на предметот, комуналниот инспектор на Општина Гази Баба или комуналниот редар ќе му изрече глоба во согласност со Законот за комуналните дејности.

## XIV. ОТСТРАНУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ХАВАРИСАНИ ВОЗИЛА, ЗЕМЈОДЕЛСКИ МАШИНИ СО ПРИКЛУЧНИ И БЕЗ ПРИКЛУЧНИ ОРАДИЈА

**Член 152**

(1) Под хаварисано возило се подразбира возило кое неможе да се движи без сопствен погон.

(2) Забрането е оставање на хаварисани возила на јавна површина.

(3) За секое хаварисано возило оставено на јавна површина, комуналниот инспектор составува записник и донесува решение со рок за отстранување на истото.

**Член 153**

Под отстранување и чување на хаварисани возила, земјоделски машини со приклучни и без приклучни орадија, во смисла на оваа Одлука, се подразбира начинот и постапката за отстранување на оштетени, неисправни, неправилно или непрописно паркирани возила од јавните сообраќајни површини на Општина Гази Баба.

**Член 154**

(1) Хаварисано, односно оштетено возило е она возило кое поради настаната хаварија или дотраеност не е во состојба да се движи со силата на сопствениот мотор.

(2) Неправилно или непрописно паркирано возило е она возило кое е паркирано на јавните сообраќајни површини спротивно на важечките прописи.

**Член 155**

Под отстранување и чување на возила во смисла на оваа Одлука се подразбира подигање и транспортирање на возилата со специјални возила и нивно времено сместување во специјално обезбеден простор за нивно чување.

**Член 156**

Отстранувањето на возилата од јавните сообраќајни површини го врши Давателот на услуга, а по налог на овластеното лице.

**Член 157**

(1) За отстранување на хаварисаните возила комуналниот инспектор на сопственикот, односно на носителот на правото на користење на возилото ќе му издаде решение со кое ќе му наложи отстранување на возилото во рок од 3 дена од денот на врачувањето на решението.

(2) Доколку сопственикот, односно носителот на правото на користење на возилото не го отстрани сам возилото во рокот утврден во ставот (1) на овој член, надлежниот инспектор изготвува записник и издава наредба за отстранување на возилото до Давателот на услуга за отстранување.

(3) Доколку не може да се обезбеди идентитетот на сопственикот, односно на корисникот, комуналниот инспектор ќе го прикачи решението за отстранување на возилото на самото возило што се смета за уредна достава.

(4) Во записникот треба да се содржат најмалку следните податоци:

(4.1) тип, марка и регистарски број на возилото;

(4.2) состојба на возилото; и

(4.3) кус опис на оштетувањето доколку возилото е оштетено.

(5) Давателот на услуга по издадената наредба од страна на овластените службени лица е должен веднаш да отпочне со отстранување на возилото во присуство на овластените службени лица.

**Член 158**

(1) Давателот на услуга е должно отстранетите возила да ги смести на посебно обезбеден простор наменет за нивно паркирање и да ги чува до нивното предавање на соственикот односно на носителот на правото на користење на возилото. Чувањето на возилото не може да трае подолго од 30 дена.

(2) Просторот од ставот (1) на овој член го определува Давателот на услуга по претходна согласност од страна на градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 159**

(1) При примопредавањето на отстранетото возило, сопственикот, односно носителот на правото на користење на возилото е должен да приложи доказ за сопственост на возилото и за својот идентитет.

(2) Примопредавањето од ставлот (1) на овој член се врши на посебно обезбедениот простор за чување.

(3) По исклучок, примопредавањето на возилото што се отстранува може да се изврши и на самото место од каде се отстранува, додека возилото не е поставено на платформата на специјалното возило.

**Член 160**

Примопредавањето на отстранетото возило се врши по наплатата на трошоците за отстранување, односно со приложен документ за наплатени трошоци и налогот за прекршочна казна од овластениот службеник на МВР.

**Член 161**

(1) Трошоците, односно висината на надоместокот за отстранување и чување на непрописно паркираните возила ги утврдува Советот на Општина Гази Баба со посебна Одлука.

(2) Трошоците за отстранување и чување на хаварисаните возила се утврдуваат со посебен договор склучен помеѓу Давателот на услуга и Градоначалникот на Општина Гази Баба.

## XV. УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД И ДРУГИ ВИДОВИ НА НЕОПАСЕН ОТПАД

### Член 162

(1) Под управување со комунален отпад и други видови на неопасен отпад се подразбира селектирање, собирање, транспортирање и обработка на комуналениот отпад од населението и индустријата, негова рециклажа и преработка, депонирање на легални уредени депонии, како и одржување на депониите.

(2) Комунален отпад е отпадот што се создава во секојдневниот живот и работа во станбени, дворни, деловни и други простории и површини и тоа: куќни отпадоци од различни видови, отпадоци од храна, градинарски, овошни и други земјоделски култури, хартија, картонска амбалажа, крпи, разни дрвени, метални стаклени, порцелански, кожни, пластични и гумени предмети и на нив слични нештетни отпадоци.

(3) Комунален отпад е неопасниот отпад што се создава од физичките лица во домаќинствата.

(4) Комерцијален отпад е секој друг отпад создаден од правни и физички лица при вршење на комерцијални, индустриски, занаетчиски, услужни, административни и слични дејности, кои според својата природа или според својот состав е сличен на отпадот од домаќинствата.

(5) Преработка на отпадот се операциите утврдени со Законот за управување со отпадот, кои имаат за цел да се искористат употребливите материи и состојки на отпадот, а притоа ги опфаќаат постапките за повторно користење на отпадот, за рециклирање и за користење на отпадот како извор на енергија, исклучувајќи го горењето на отпадот заради негово дефинитивно отстранување.

(6) Отстранување на отпадот се операциите што обезбедуваат конечно решение за отпадот што не може повторно да биде употребен или преработен, а притоа не се загрозува животната средина, животот и здравјето на луѓето.

(7) Рециклирање на отпадот е добивање супстанции од отпадот (секундарни суровини) и нивно користење како замена за примарните суровини или користење на својствата на супстанциите содржани во отпадот за нивната првична намена или за други намени, вклучувајќи го директното користење на енергијата на отпадот.

(8) Собирање на отпадот е збир од организирани дејности што опфаќаат постапки со кои отпадот се подготвува за транспорт.

(9) Складирање на отпадот е организирана дејност за складирање на создадениот отпад во објекти што ги исполнуваат пропишаните услови за таа намена за период покус од три години доколку складираниот отпад е наменет за третман и за преработка, или за период покус од една година доколку отпадот е наменет за отстранување.

### Член 163

Создавачите, односно поседувачите на отпадот се должни да го селектираат отпадот.

### Член 164

(1) Селектираниот отпад се остава на посебните места за собирање, односно во посебни садови што се поставуваат на јавните површини во формирани зелени острови за поставување на садовите за секој вид отпад.

(2) Неселектираниот отпад од домаќинствата се става во вреќи или во посебни садови за тој отпад и се остава на местата за собирање и селектирање на комуналниот отпад.

(3) Правните и физичките лица се должни да го одделат опасниот дел содржан во комуналниот отпад и да го остават на местата за собирање на опасниот дел од комуналниот отпад определени од градоначалникот на Општина Гази Баба.

### Член 165

Сопствениците на зградите, становите и деловните простории, закупците и другите корисници на станбените и деловните простории (во натамошниот текст: создавачи и поседувачи на отпадот) имаат обврска задолжително да ги користат услугите за отстранување на комуналниот отпад на начинот и под условите утврдени со оваа Одлука и другите прописи што ги уредуваат овие односи.

**Член 166**

(1) Отпадот од дворните места се собира во посебни вреќи за отпад и се оставаат во контејнерите за собирање на отпадот од домаќинствата.

(2) Отпадот од електрична и електронска опрема како и отпадните батерии, настанати од делови на расипани апарати од домаќинствата, кујнски прибор, санитарни уреди и слично, се собира во соодветна картонска амбалажа, односно вреќи за отпад и се оставаат во посебни садови за собирање на тој отпад што се поставуваат на јавните површини и определени места.

(3) Останатиот отпад од домаќинствата се собира во вреќи или во садови за тој отпад, поставени на определени места.

**Член 167**

(1) Отпадот од домаќинствата треба да се собира само во типизирани садови (канти).

(2) Во кантите не смее да се става жар, врел пепел, течности, мртви животни и слично.

(3) Кантите за собирање на отпадот од домаќинствата ги набавува Општина Гази Баба и ги дистрибуира до создавачите на отпадот, во согласност со пропишани услови од страна на набавувачот.

**Член 168**

Кантите за секое семејство, се ставаат на определените места и отпадот од нив се подига во деновите и времето што ќе го одреди Давателот на услуга за собирање и транспортирање на отпадот.

**Член 169**

(1) Отпадот од колективните згради се собира и во посебни садови за отпад - контејнери.

(2) Во контејнерите е забрането е да се фрла жар, врел пепел, течности, мртви животни и слично.

**Член 170**

(1) Зградите од кои отпадот од домаќинствата се става во контејнери, мораат да имаат одреден простор или место за сместување на садот за отпад и доволен број за да ги задоволи потребите на домаќинствата.

(2) Бројот и видот на садовите за отпад за секоја зграда, го одредува Давателот на услуга за собирање и транспортирање на отпадот.

**Член 171**

(1) Садовите за отпадот од домаќинствата ги набавува Давателот на услуга за собирање на отпадот на трошок на Корисникот на услуга.

(2) Собирачот на отпадот е должен да ги пере, дезинфицира и дезинсекцира контејнерите најмалку двапати годишно, и да ги одржува во исправна состојба, а за кантите тоа да го врши Корисникот на услуга.

(3) Местата околу садовите за отпад мора да бидат во чиста и уредна состојба за нив се должни да се грижат собирачите на отпадот.

**Член 172**

(1) Создавачите на отпад должни се отпадот да го стават во садовите за отпад така да не се растура и да не го валка просторот околу садот. Кантите и контејнерите за отпад мораат да бидат затворени.

(2) Забрането е изнесување и вадење на отпад од кантите и контејнерите.

(3) При ставањето на отпадот од домаќинствата, создавачот на отпадот е должен волуменски да го намали отпадот.

(4) Забрането е да се оневозможува пристап на возилото за отпад до местото на коешто се наоѓаат садовите за отпад.

**Член 173**

(1) Кабастиот отпад (како делови од бела техника, метална амбалажа, делови од мебел, душеци, дрвена амбалажа, пластични гајби и слично) не се дел од комуналниот отпад и за истите потребно е создавачот да организира депонирање преку Давателот на услуга за собирање и транспортирање на ваков тип на отпад.

(2) Отпадот од селските средини и туристичките места се изнесува во согласност со договорот за изнесување на отпад склучен со Давателот на услуга за собирање и транспортирање на отпадот.

**Член 174**

(1) Собирачот на отпадот е должен при собирањето и транспортот на отпадот да внимава отпадот да не се растура, да не се крева прав, да не се оштетуваат садовите, како и да не се валкаат и оштетуваат површините за сместување на отпадот.

(2) Ако при утовар и истовар во возилото дојде до растурање на отпадот, собирачот на отпадот е должен истиот веднаш да го исчисти, а садовите да ги врати на местото определено за нив и да ги затвори капаците на кантите и контејнерите.

**Член 175**

(1) Депонија е објект наменет за отстранување на отпадот, со негово истурање над и под земја.

(2) Депонирање е операција за отстранување на отпадот на депониите.

(3) Давателот на услуга управува и се грижи за уредување и одржување на депонијата за комунален отпад, а особено е должно:

(3.1) да го огради просторот на депонијата и да обезбеди контролирано влегување и излегување на возилата при депонирањето на отпадот;

(3.2) да обезбеди уреди и објекти за лична хигиена на работниците и миење и дезинфекција на возилата;

(3.3) да го спречи ширењето на миризбата и нечистотијата;

(3.4) површините што се покриени со отпад да ги покрие со земја во слој најмалку од 30-50 сантиметри;

(3.5) да не дозволи палење оган и горење на отпадот во депонијата; и

(3.6) да презема санитарно-хигиенски и ветеринарни мерки за спречување на размножувањето на инсекти и стаорци.

**Член 176**

(1) Се забранува:

(1.1) фрлање, складирање и чување на комунален отпад надвор од контејнерите, кантите за отпад или специјалните вреќи за отпад;

(1.2) фрлање и складирање во контејнерите и кантите за отпад на отпадоци што не се сметаат за комунален отпад;

(1.3) фрлање жар во контејнерите и други запаливи материјали, вода, киселина, моторни и разни масла и други штетни и опасни материи;

(1.4) поставување и преместување на контејнерите и кантите за отпадоци надвор од за тоа определените локации;

(1.5) пребарување на отпад во корпите, кантите и контејнерите од страна на физички лица;

(1.6) палење на отпадот во кантите и контејнерите;

(1.7) собирањето и транспортирањето на отпадот да се врши со средства и со опрема која не е соодветна за вршење на дејноста;

(1.8) собирање и транспортирање на комунален отпад без поседување на дозвола;

(1.9) постапување со отпадот на начин којшто доведува до нагрдување на објектите и просторот во урбаните зони и во подрачјата надвор од урбаните зони; и

(1.10) истурање и фрлање на отпад во канализационите и во другите инфраструктурни системи и објекти.

(2) Отпадоците од ставот (1) на овој член не смеат да се оставаат и собираат на јавните површини.

(3) Создавачите на отпадоците од ставот (1) на овој член се должни да го отстранат односно транспортираат истиот на посебно уредените депонии.

**Член 177**

Индустриски неопасен отпад е отпадот што се создава при производствените процеси во индустријата и не содржи опасни карактеристики, а според својствата, составот и количеството се разликува од комуналниот отпад.

**Член 178**

(1) Создавачите на индустрискиот и комерцијалниот отпад должни се да склучат посебен договор за собирање и транспортирање на отпадот со Давателот на услуга на подрачјето на Општина Гази Баба.

(2) Со индустрискиот неопасен отпад се постапува во согласност со одредбите на Законот за управување со отпадот.

**Член 179**

Забрането е:

(1) предавање на индустрискиот отпад на правно или физичко лице кое не поседува дозвола за собирање и транспортирање на отпад во согласност со закон;

(2) истурање или фрлање на индустрискиот отпад кој содржи штетни материи во водите, почвата, во садови кои не се предвидени за собирање на таков вид отпад, во канализационите и другите инфраструктурни системи и објекти; и

(3) собирањето и транспортирањето на индустрискиот отпад со средства и со опрема која не е соодветна за вршење на дејноста.

**Член 180**

Под депонирање на отпадоци што се создаваат со изведување на градежни работи утврдени со Закон, а кои немаат својство на комунален отпад, се подразбира собирање, транспортирање и депонирање на овие отпадоци на уредени депонии, како и одржување на депониите.

**Член 181**

(1) Отпадоци што се создаваат со изведување на градежни работи се: градежен материјал, земја, шут, згура, вар, цемент, чакал, песок, кал, камења, тули, ќерамички отпадоци и слично.

(2) Отпадоците од ставот (1) на овој член не смеат да се оставаат и собираат на јавните површини.

(3) Создавачите на отпадоците од ставот (1) на овој член се должни да го отстранат односно транспортираат истиот на посебно уредените депонии.

**Член 182**

(1) Со отпадоците што се создаваат со изведување на градежни работи се постапува во согласност со одредбите на Законот за управување со отпадот што се однесуваат за инертниот отпад.

(2) Правните и физичките лица кои при изведувањето на градежни работи создаваат отпадоци што немаат својство на комунален отпад, должни се сами да го собираат и да го транспортираат отпадот на местата определени од Општина Гази Баба или истите да ги предадат на Давателот на услуга за собирање и транспортирање на отпад.

(3) Правните и физичките лица кои при изведувањето на градежни работи создаваат отпадоци што немаат својство на комунален отпад должни се да поседуваат доказ дека отпадоците што се создаваат со изведувањето на градежните работи ги предале на начинот утврден во ставот (2) на овој член.

**Член 183**

Посебно уредените депонии, односно определените места ги одржува и со нив управува Давателот на услуга за вршење на истата дејност.

**Член 184**

(1) Забрането е:

(1.1) отпадоците што се создаваат со изведување на градежни работи да се изнесуваат од своите

дворни места до денот на преземањето од страна на Давателот на услуга за собирање и транспортирање на отпадот; и

(1.2) транспортирањето на отпадоците што се создаваат со изведување на градежни работи да се врши со несоодветни транспортрни возила што би предизвикало истурање на истиот на самите сообраќајни површини.

(2) Забрането е оставање, односно истурање на отпадоците што се создаваат со изведување на градежни работи на јавните површини, јавните сообраќајни површини, неизграденото градежно земјиште во и покрај водните површини и слично.

## XVI. ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ И НА ОТВОРЕНИТЕ ПРОСТОРИ ПРЕД ЈАВНИ ОБЈЕКТИ

### Член 185

Под одржување и користење на паркови и јавни зелени површини се подразбира подигање, одржување и користење на зелени површини, садење на ниска и висока ветација и слично на подрачјето на Општина Гази Баба.

### Член 186

(1) Паркови се посебно уредени и озеленети површини во урбаните средини во согласност со усвоените урбанистички планови што служат за одмор и рекреација.

(2) Одржувањето и користењето на парковите е дејност што ја врши Град Скопје преку јавното претпријатие за паркови и зеленило, како и Општина Гази Баба преку Давателот на услуга.

(3) Општина Гази Баба, во согласност со закон, должна е при одржување на зелените површини:

(3.1) да обезбеди чуварска служба;

(3.2) хортикултурно да ги уредува површините во просторот на парковите;

(3.3) редовно да ја одржува јавната чистота во парковите;

(3.4) редовно да ги одржува патеките и просторот наменет за шеталишта;

(3.5) да ја одржува во исправна состојба урбаната опрема на зелените површини;

(3.6) да врши редовно засадување, одржување и наводнување на зелените површини;

(3.7) да постави корпи за отпадоци и друга урбана опрема и нивно редовно одржување;

(3.8) да обезбеди фитосанитарна заштита на зелените површини; и

(3.9) редовно да ги кастри ниските гранки заради безбедно шетање по парковите.

### Член 187

(1) Под зеленило, во смисла на оваа Одлука, се подразбираат тревници, цветни и други насади, живи огради, грмушки, дрвја и дрвореди (во натамошниот текст: зелени површини).

(2) Под јавни зелени површини, во смисла на оваа Одлука, се подразбираат зелените површини покрај улиците, плоштадите, културно-историските споменици, јавните паркиралишта, рекреативните површини, детските игралишта, спортските терени, гробиштата и дворните места на јавните објекти на Општина Гази Баба.

### Член 188

(1) Одржувањето на зелените површини опфаќа:

(1.1) подигање, садење, одгледување и обновување на зелените површини;

(1,2) заштита на зелените површини од оштетување, болести и штетници;

(1.3) чистење на зелените површини; и

(1.4) одржување и чистење на патеките на зелените површини.

(2) Одржувањето на јавните зелени површини го врши Давателот на услуга врз основа на годишна програма донесена од Советот на Општина Гази Баба.

(3) Одржувањето и уредувањето на рекреативните површини Општина Гази Баба може да го довери

и на јавно претпријатие, здружение на граѓани, спортско-рекреативно и еколошко друштво, излетничко друштво, месна заедница и други правни и физички лица.

**Член 189**

Сечење на дрвја, грмушки и живи огради во зелените површини може да се врши на начинот и под условите утврдени со Законот за комунални дејности, а по добиено одобрение од страна на градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 190**

Давателот на услуга поблиску ги утврдува постапката и условите под коишто може да се сечат дрвја, грмушки и живи огради во зелените површини.

**Член 191**

(1) На зелените површини и на земјиштето на коешто е предвидено да се уредува зелена површина, комуналната инфраструктура може да се монтира само подземно.

(2) По исклучок, во парк-шума и на пошумени терени, инсталациите од ставот (1) на овој член може да се поставaт воздушно, но под услов да не го попречуваат правилниот развој на вегетацијата, да не го нарушуваат естетскиот изглед на зеленилото и да не го попречуваат нормалното користење на овие зелени површини.

**Член 192**

(1) Под одржување и користење на јавен простор за паркирање се подразбира одржување на просторот за паркирање и објектите во него и давањето на соодветни услуги, како и утврдувањето на начинот на неговото користење.

(2) Јавните паркиралишта мораат да се одржуваат чисти и уредни.

(3) На јавните паркиралишта забрането е да се врши било каква трговска дејност, да се врши утовар и истовар на стока и други работи што не се во согласност со намената на јавниот простор за паркирање.

## XVII. ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНИ УРЕДИ

**Член 193**

Под одржување на комунални уреди се подразбира одржување на чешми, фонтани и други комунални уреди и опрема.

**Член 194**

Јавните санитарни јазли можат да се градат на плоштади, пазари, во паркови и слични места што мораат да бидат опремени со соодветна опрема, да бидат уредни, исправни и да ги исполнуваат техничките и санитарните услови во согласност со закон и други прописи.

**Член 195**

Давателот на услуга се грижи за уредување и одржување на комуналните уреди и објекти како што се јавните санитарни јазли, фонтани, водоскоци, чешми и други слични украсни комунални уреди.

**Член 196**

Заради функционалност на намената на комуналните уреди забрането е:

(1) миење и перење на јавните чешми, фонтани и водоскоци;
(2) напојување на животни на јавните чешми, фонтани и водоскоци;
(3) кршење и оштетување на уредите и опремата;
(4) пишување на натписи, шарање или цртање на истите;
(5) фрлање и оставање на комунален и друг вид на отпад на истите;
(6) загадување на водата во фонтаните; и
(7) поливање со било какви течности на комуналните уреди.

## XVIII. УКРАСУВАЊЕ

**Член 197**

Општина Гази Баба се грижи за украсување на Општина Гази Баба по повод државни празници и други значајни датуми, настани и манифестации и ги обезбедува потребните средства преку програми што ги донесува Советот на Општина Гази Баба.

**Член 198**

(1) Под украсување на подрачјето на Општина Гази Баба се подразбира: уредување на надворешните делови на зградите, излозите, поставувањето на реклами, натписи и оградите, јавното осветлување на комуналните објекти и комуналната опрема во посебни прилики на свечености и празници, и уредување на другите површини во рамките на поставувањето објекти и слично.

(2) Украсувањето се врши со поставување на знамиња, светлечки тела и други пригодни украсни елементи.

**Член 199**

(1) Забрането е уништување на фасадите на зградите и по нив да се испишуваат пораки, известувања, да се црта, шара или на друг начин да се валкаат или нагрдуваат.

(2) На прозорците, балконите, оградите и на другите слични делови на зградата, по правило, се држи цвеќе и украсни билки.

(3) На прозорците, балконите, оградите и другите слични делови и на зграда или индивидуален објект за домување, забрането е да се депонира и чува секаков вид на отпад.

**Член 200**

(1) Оградите покрај јавните површини мораат да бидат изработени така да се вклопуваат на околината, по правило, со украсна жива ограда и не смеат да бидат изведени со бодликава жица, колци и слично.

(2) Правните и физичките лица се должни оградите покрај јавните површини што ги користат да ги држат уредни, да не пречат на видливоста на сообраќајницата и да не претставуваат опасност за пешаците.

(3) Оградите од украсно зеленило (жива ограда) покрај јавните сообраќајни површини мораат редовно да се одржуваат и најмалку двапати годишно да се режат, така да не се протегаат преку регулационата линија на јавната сообраќајна површина и да не сметаат на сообраќајот и пешаците.

(4) Дрвјата и гранките што се надвиснати над оградите, на јавна или приватна површина, треба редовно да се кројат да не пречат на видливоста на сообраќајот и на тротоарскиот дел за пешаците, како и да не се загрозува имотот на соседите.

**Член 201**

Дворовите, градините и другите слични површини пред зградите и неизградените градежно земјиште покрај јавните површини, сопственикот, односно корисниците мораат да ги одржуваат уредно и на нив, по правило, да засадат цвеќе, дрвја или украсни билки.

**Член 202**

(1) Излозите на продавниците и другите деловни објекти мораат да бидат естетски уредени во рамките на самиот објект и околината на која се наоѓаат, и сопствениците на истите се должни редовно да ги одржуваат, а ноќе задолжително светлата да бидат вклучени.

(2) Аранжирањето на излозите, по правило, треба да е соодветно за изложување на стоките за кои е наменет објектот.

(3) Разните натписи, реклами, соопштенија и слично што се поставуваат на самите излози потребно е да бидат естетски обликувани.

**Член 203**

За време на новогодишните и државните празници потребно е излозите на продавниците и другите деловни објекти од страна на сопствениците или корисниците да бидат свечено украсени. За време на новогодишните и државните празници и во посебни прилики на свечености, потребно е плоштадите да бидат свечено украсени и јавното осветлување да биде дополнето со свечено украсни светлосни елементи.

**Член 204**

Украсувањето го врши Давателот на услуга.

## XIX. ДЕЗИНСЕКЦИЈА И ДЕРАТИЗАЦИЈА

**Член 205**

(1) Со дезинсекција се уништуваат штетни бактерии во комунални објекти (јавни водни површини).

(2) Со дератизација се уништуваат глувци и староци.

**Член 206**

Целта на дезинсекцијата и дератизацијата е зачувување на здравјето на жителите, отстранување на изворите на заразни заболувања и намалување на можности за пренесување на заразни болести.

**Член 207**

(1) Дезинфекцијата и дератизацијата се извршуваат врз основа на годишна програма донесена од страна на Советот на Општина Гази Баба односно Советот на Град Скопје.

(2) Програмите од ставот (1) на овој член го содржат начинот на вршење на аеро-запрашување (аеросолна дезинсекција) заради уништување на штетни инсекти (муви, комарци и слично) и терестична дезинсекција за уништување на инсекти кои не можат да се уништат со аеро-запрашување, периодот на вршење на овие активности и потребните средства, како и изворите на финансиски средства.

**Член 208**

Дезинсекција се спроведува три до пет пати годишно и тоа во периодот мај-септември, во согласност со програмата од членот 207 на оваа Одлука или по барање на заинтересирани субјекти, а во согласност со пропишани стандарди и нормативи.

**Член 209**

(1) Вршењето на дезинсекцијата и дератизацијата во Општина Гази Баба може да се довери на Давателот на услуги специјализиран за вршење на тие дејности.

(2) Општина Гази Баба навремено преку средствата за јавно информирање е должна да ја извести јавноста за времето и начинот на спроведувањето на аеро-запрашувањето, дезинсекцијата и дератизацијата и за мерките за заштита што треба да ги преземат жителите.

## XX. ОТСТРАНУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА СИТНА И КРУПНА СТОКА И ЖИВИНА И ПЧЕЛНИ СЕМЕЈСТВА

**Член 210**

(1) На подрачјето на Општина Гази Баба во границите на градежниот опфат-урбана средина, се забранува чувањето на секаков вид ситна и крупна стока и живина.

(2) Во руралните населени места на подрачјето на Општина Гази Баба може да се чува добиток и живина на начинот пропишан со посебните прописи за санитарно-здравствено и хигиенска заштита.

(3) Забрането е колење на ситна и крупна стока и живина на јавните и сообраќајните површини во Општина Гази Баба.

(4) Се забранува задржување, напасување и хранење на ситна и крупна стока и живина на јавните и сообраќајните површини во Општина Гази Баба.

**Член 211**

(1) На подрачјето на Општина Гази Баба во границите на градежниот опфат-урбана средина, се забранува чувањето на пчелни семејства.

(2) Заради безбедноста на жителите забрането е пчелните семејства да се постават на 1.000 метри оддалеченост од градежниот опфат.

(3) Забрането е поставување на пчелни семејства на растојание помало од 300 метри од објекти за домување.

**Член 212**

Носењето на добиток во Општина Гази Баба може да се врши до зелениот и сточниот пазар и обратно, во специјални корпи, на начинот на којшто не се загрозува безбедноста на сообраќајот и движењето на пешаците.

**Член 213**

(1) Во градежниот опфат на подрачјето на Општина Гази Баба, чување на гулаби е дозволено само во дворните места на индивидуалните станбени објекти.

(2) Гулабарникот треба да биде изграден од погоден материјал со бетонски под, поврзан со канализациониот систем и истиот постојано да се одржува во хигиенска состојба. Чувањето и одгледувањето на гулаби не смее да пречи во нормалното живеење на соседите.

(3) Доколку гулабите го попречуваат нормалото живеење на соседите на било кој начин, надлежните инспекциски органи можат да наредат преместување на гулабарникот или забрана на чување и одгледување на гулаби.

**Член 214**

(1) Забрането е чување и складирање на слама, во бали или во стогови како храна за добитокот, во градежниот опфат на Општина Гази Баба бидејќи претставува потенцијален извор на пожар и гнездо за глодари и други заразни инсекти.

(2) Забрането е поставување на фолии и пластеници во дворните места на објектите во градежниот опфат поради нарушување на естетскиот изглед и ширење на непријатна миризба.

## XXI. ЧУВАЊЕ НА ЖИВОТНИ И ЖИВИНА И ДОМАШНИ МИЛЕНИЦИ ВО ДВОРНИ МЕСТА НА КОЛЕКТИВНИ И ИНДИВИДУАЛНИ СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ

**Член 215**

(1) На подрачјето на Општина Гази Баба се забранува чување, терање, напасување и хранење на животни и живина.

(2) Ставот (1) од овој член не се однесува на кучиња и мачки што се чуваат како домашни миленици или се бездомни, како и на животните чувани во зоолошки градини.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, Општина Гази Баба со свој акт може да определи делови од своето подрачје (населби со објекти за индивидуално домување или надвор од урбаниот дел), во коишто можат да се чуваат одредени видови на животни и живина (копитари, чапункари, зајаци, гулаби, пчели, риби и слично), како и да ги определи условите за нивното чување.

**Член 216**

(1) На подрачјето на Општина Гази Баба во кругот на едно домаќинство може да се чуваат домашни миленици (кучиња, мачки, украсни птици и слично).

(2) Сопствениците на кучињата се должни своите кучиња да ги држат во сопствените дворни места.

(3) Сопственикот на домашните миленици е должен сместувањето и чувањето на истите да го уреди на начинот што нема да пречи на мирот и спокојството на соседите.

(4) Кучиња и мачки, како домашни миленици, можат да се чуваат во стан, во колективен или во индивидуален станбен објект. Се забранува чување и држење на куче или мачка на балкон, тераса или лоѓија што припаѓаат на станот, без непосредно присуство и надзор на нивниот сопственик.

(5) Домашните миленици можат транзитно да ги користат заедничките простории (лифт, скали, ходници) само доколку се на поводник и под непосреден надзор на нивниот сопственик. Домашен миленик може да се внесе во лифт само доколку истиот е празен.

(6) По исклучок, во колективна станбена зграда, домашните миленици можат да се држат и чуваат во заеднички простории (перални, простории за сушење на алишта, простории за сместување на опрема за тековно одржување на зградата и слично), само по претхода согласност на сопствениците на становите и посебните делови на зградата, во согласност со прописите за домување.

(7) За чување и хранење на домашни миленици и животни скитници во заеднички двор на колективен станбен објект, сопствениците на домашни миленици, односно лицата што ја презеле грижата за нивно чување и хранење, мора да имаат писмена согласност на мнозинството сопственици и корисници на дворот, односно соодветна одлука на заедницата на сопственици на посебни делови на зградата, во согласност со прописите за домување.

(8) Сопствениците на домашни миленици, односно лицата што ја презеле грижата за чување и хранење на бездомни кучиња и мачки во заеднички двор на колективен станбен објект се должни да го запазуваат стандардот за одржување на чистотата, да го отстрануваат изметот од дворната површина и да се грижат за почитување на прописите за јавниот ред и мир и за домување.

**Член 217**

(1) Куче кое се чува во двор, се чува во посебен објект. Објектот за чување на куче мора да биде оддалечен најмалку 3 метри од најблискиот станбен или деловен објект на соседната парцела и од регулационата линија на јавната површина.

(2) Ако кучето се чува во двор, дворот мора да биде ограден и на видливо место да има поставено табла со цртеж и натпис со кој се предупредува на присуство на кучето, а на влезот во дворот мора да има ѕвоно.

**Член 218**

Во поглед на условите што се однесуваат на живеалиштата, објектите и опремата, како и на хранењето и негата на животните, живината и домашните миленици, регистрирањето на домашните миленици и нивните сопственици, обврската домашните миленици да бидат обележани (со вграден микро чип) заради идентификација, како и вакцинирани и дехелметизирани, важат законите и другите прописи од областа на благосостојбата на животните и ветеринарството.

**Член 219**

(1) Доколку сопствениците на домашните миленици не се придржуваат на одредбите од оваа Одлука, домашните миленици ќе се третираат како животни скитници и према нив ќе се примени постапката за заловување.

(2) Општина Гази Баба може, во согласност со закон, да презема мерки за заловување (собирање) на кучиња скитници или нерегистрирани кучиња и нивно сместување во соодветни објекти - прифатилишта. Во прифатилиштата се обезбедува елементарна заштита на животните од непогодни временски услови и редовно хранење и напојување, здравствено третирање и нега, лабараториска анализа, стерилизирање, вакцинирање, дехелминизирање, обележување на здравите кучиња, нивно чување до посвојување или, по исцрпување на сите можности за посвојување, нивно враќање во реонот од каде што се заловени, додека болните и агресивни кучиња кои можат да претставуваат сериозна опасност за здравјето на животните или луѓето, ќе бидат убиени со средства на хумана еутаназија.

## XXII. СЕЧЕЊЕ И СКЛАДИРАЊЕ НА ОГРЕВНО ДРВО И ЈАГЛЕН НА ЈАВНИ И СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ

### Член 220

(1) Истоварот, сечењето, цепањето, складирањето на огревното дрво и јагленот треба да се врши во дворните места на станбените и деловните објекти.

(2) Во исклучителни случаи тоа може да се прави и на јавни површини, но притоа не смее да се спречи нормалното и безбедно одвивање на сообраќајот и протекот на атмосферските води со претходно добиено одобрение од градоначалникот на Општина Гази Баба.

(3) Дрвјата, јагленот и сличен материјал мораат да се отстранат од јавните и сообраќајните површини најдоцна во рок кој ќе го определи надлежниот орган во Општина Гази Баба, и после тоа јавната површина да се доведе во првобитната положба.

## XXIII. ОДРЖУВАЊЕ НА ЧИСТОТА ВО ДВОРНИ МЕСТА НА КОЛЕКТИВНИ И ИНДИВИДУАЛНИ СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ

### Член 221

(1) Дворните места на колективни и индивидуални станбени објекти, како и местата/површините што се наоѓаат внатре или меѓу станбен или деловен блок или меѓу објекти мораат да се одржуваат во уредна и чиста состојба.

(2) За уредност и одржување на чистотата на местата од ставот (1) на овој член се грижи сопственикот односно корисникот на дворот, односно сите сопственици и корисници на заедничкиот двор или места.

(3) Во дворните места се забранува оставање, складирање, односно собирање на каква било амбалажа, кабасти предмети од домаќинството, градежен и друг отпад и какви било други предмети што предизвикуваат нагрдување на изгледот и неуредност на просторот.

(4) Во дворните места што се со поглед кон улица или плоштад, забрането е:

(4.1) сушење на алишта;

(4.2) тревата да биде повисока од 10 см;

(4.3) да се засадуваат овошни дрвја чии плодови ја валкаат јавната површина; и

(4.4) гранчињата на украсните и жбунести растенија да ја преминуваат регулационата линија на јавната површина и да пречат на безбедноста на сообраќајот и движењето на луѓето.

(5) Лицата од ставот (2) на овој член се должни редовно да ја чистат површината, да ја косат тревата, кастрат живата ограда и другите растенија, да не дозволат растенијата да ја оштетуваат или валкаат јавната површина, објектите и инсталациите, да го отстрануваат плевелот, да ги одржуваат бетонските површини, пристапните патеки, скалилата, површините за паркирање, да го отстрануваат градежниот и друг вид отпад и да преземаат други активности со цел овие површини да бидат уредни.

(6) Доколку местата од ставот (1) на овој член не се одржуваат уредни и чисти, во согласност со овој член, комуналните инспектори на Општина Гази Баба ќе им наложат на лицата од ставот (2) на овој член, во определен рок, да ги отстранат недостатоците утврдени на записник.

(7) Доколку лицата од ставот (2) на овој член, во определениот рок, не постапат според налозите на комуналните инспектори на Општина Гази Баба, утврдените недостатоци ќе ги отстрани Давателот на услуга, на трошок на лицата од ставот (2) на овој член.

### Член 222

За непочитување на членот 221 став (3) на оваа Одлука, на сопствениците/корисниците на местата од членот 221 став (1) на оваа Одлука, комуналниот инспектор на Општина Гази Баба ќе им изрече глоба во согласност со Законот за комуналните дејности и оваа Одлука.

## XXIV. ОДРЖУВАЊЕ И ЧИСТЕЊЕ НА ОДВОДНИ ОТВОРЕНИ КАНАЛИ И РЕЧНИ КОРИТА

**Член 223**

(1) Во отворени одводни канали, на уреденото корито и во водите на реката Вардар се забранува:

(1.1) капење;
(1.2) фрлање на каков било вид на предмети и отпад; и
(1.3) испуштање (истурање) на фекалии и хемиски средства.

(2) Забранетите дејствија мора да бидат означени на табли поставени на соодветно видно место.

**Член 224**

Општина Гази Баба се грижи за одржување и чистење на отворени одводни канали и на уреденото корито на реката Вардар (во урбаниот дел на градот Скопје) преку соодветни програми.

**Член 225**

Одржувањето и чистењето на отворени одводни канали и на уреденото корито на реката Вардар, како и поставувањето на табли од членот 223 став (2) на оваа Одлука го врши Давателот на услуга.

**Член 226**

Општина Гази Баба е должна:

(1) трајно и непрекинато да обезбеди прифаќање и одведување на атмосферските води од урбаните површини;
(2) да се грижи за исправноста и функционирањето на целокупната каналска мрежа а посебно да врши редовно прочистување и да врши поправка на оштетените придружни објекти на мрежата;
(3) да врши редовно чистење на коритата на отворените канали и речните корита;
(4) во случај на поголеми врнежи од дожд или брзо топење на снегот да обезбеди дежурна служба за интервенција и итно санирање и отстранување на настанатите штети со цел да се обезбеди нормалното функционирање на отворените канали;
(5) да врши редовна поправка на оштетените делови од атмосферската мрежа; и
(6) да обезбеди целосна документација на канализациониот систем за прифаќање на атмосферски води.

**Член 227**

(1) Жителите на Општина Гази Баба се должни да:

(1.1) се грижат за исправноста и функционалноста на отворените одводни канали т.е. отворениот одводен канал кој поминува покрај нивниот имот;
(1.2) да вршат редовно чистење на коритата на отворените канали;
(1.3) да ги одржуваат отворените одводни канали, шанци и ендеци пред нивните имоти; и
(1.4) пропустите и цевките треба да одговараат на профилот на каналот со цел да се запази функционалноста на системот, а истите да бидат поставени со одобрение од градоначалникот на Општина Гази Баба.

(2) Сопственик на земјиште не смее на штета на друго земјиште да го менува правецот или силата на природниот водотек што протекува преку неговото земјиште или тече низ него како подземна вода.

(3) Сопственик на земјиште во подолниот тек на водата не смее да создава или поставува препреки со тоа што на неговото земјиште да дотекува вода што природно истекува од земјиштето од погорниот тек на водата, ниту сопственикот од погорниот тек на водата смее своеволно да стори нешто со што во поголема мера би го оптоварил земјиштето од подолниот тек на водата, освен ако поинаку не е определено со закон.

(4) Во случај на елементарна непогода - поплави или проценка за постоење опасност од појава на поплава, Општина Гази Баба може без согласност од сопственикот на приватен имот, а во интерес на локалната заедница или одделни нејзини делови, да изведува работи од јавен интерес од локално значење и да отвори одводни канали.

**Член 228**

Заради заштита на функционалноста на каналската мрежа се забранува:

(1) затрупување на отворените одводни канали, шанци и ендеци;

(2) оштетување на атмосферската канализациона мрежа и нејзините придружни објекти;

(3) затрупување на ендеците за прибирање и одведување на атмосферски води од коловозот на улиците;

(4) поставување цевки или изградба на пропусти без одобрение од Општина Гази Баба;

(5) узурпирање на отворените одводни канали и превземање дејствија кои би го попречиле функционирањето на мрежата;

(6) испуштање на отпадни води од домаќинствата и индустриски отпадни води во отворените одводни канали, шанците и ендеците;

(7) испуштање на отпадни води од септичките јами и друг отпад во мрежата;

(8) испуштање на нафта и нафтени деривати, разни масла и слично како и цврсти и течни запаливи материи и експлозивни материи;

(9) фрлање на било какви предмети и отпадоци во отворените канали, шанци, ендеци и водотеци; и

(10) испуштање на отпадни и фекални води во отворени дупки во своите дворови или надвор од нив.

## XXV. ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА СЕПТИЧКИ ЈАМИ

**Член 229**

(1) Во населените места на подрачјето на Општина Гази Баба во кои не е изградена канализација за отпадни води, отпадните води односно фекалиите се испуштаат задолжително во септички јами.

(2) Септичките јами не смеат да бидат отворени, треба да се бетонирани од горната страна и добро заштитени. Септичките јами треба да бидат одалечени од станбените и деловните простории, односно објекти на соседите најмалку 5 метри, а од водоснабдителните објекти најмалку 15 метри.

(3) Доколку површината на просторот на дворните места е помала и не можат да се исполнат условите од ставот (2) на овој член, септичките јами можат да бидат и на помало растојание оддалечени од објектите на соседите, но не помалку од 3 метри.

(4) Септичките јами треба редовно и хигиенски да се одржуваат.

(5) Септичките јами не смеат да се празнат на јавните и сообраќајните површини, ниту во отворените канали за истек на атмосферските води.

**Член 230**

(1) Во населените места на Општина Гази Баба во коишто не е изградена канализациона и водоводна мрежа сопствениците и корисниците треба да имаат изградено санитарно-хигиенски водонепропусни септички јами.

(2) Јамите можат да бидат изградени во дворните места на растојание најмалку од 5 метри од соседите, да бидат изградени според пропишаните санитарно-хигиенски услови и истите редовно да се одржуваат чисти, и да се дезинфицираат.

(3) Во населени места каде има поставено водоводна и фекална канализациона мрежа забрането е користење на септички јами.

**Член 231**

Чистењето на септичките јами треба да го врши Давателот на услуга со специјални возила цистерни, при што претходно се обезбедуваат санитарно-хигиенски мерки, а по извршеното чистење мора да се изврши и дезинфекција на теренот околу септичката јама и полскиот клозет.

**Член 232**

(1) Шталите во руралните населени места на подрачјето на Општина Гази Баба мора да бидат изградени одвоено од станбените објекти и да се одалечени од соседите на растојание од најмалку 10 метри и редовно да се одржуваат и чистат.

(2) Шталскиот отпад треба да се собира на оддалеченост од најмалку 10 метри од објектите на соседите и тоа во ограден и покриен простор, најмногу до 2 м3 по што истиот редовно треба да се изнесува по нивите.

(3) Течниот дел (осоката) треба да се одведе во канализација или во септичка јама.

**Член 233**

Чувањето на крупна и ситна стока и живина во населените места е дозволено само во посебно изградени санитарно-хигиенски објекти во сопствените дворови што треба да бидат оддалечени од станбените објекти на соседите најмалку 10 метри и да бидат преземени сите санитарно-хигиенски и здравствени мерки.

**Член 234**

(1) На подрачјето на Општина Гази Баба во границите на градежниот опфат-урбана средина, се забранува чувањето на пчелни семејства.

(2) Заради безбедноста на граѓаните забрането е пчелните семејства да се постават на 1.000 метри одалеченост од градежниот опфат.

(3) Забрането е поставување на пчелни семејства на растојание помало од 300 метри од објекти за домување.

**XXVI. МЕРКИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОВАА ОДЛУКА И НАДЗОР**

**Член 235**

(1) Мерките за спроведување на комуналниот ред за вршење на дејностите од членот 2 на оваа Одлука се утврдуваат со посебни програми за секоја дејност одделно, во рамките на условите утврдени со оваа Одлука.

(2) Програмите од ставот (1) на овој член, ги донесува Советот на Општина Гази Баба.

**Член 236**

(1) Инспекциски надзор над спроведувањето на оваа Одлука вршат комуналните инспектори на Општина Гази Баба.

(2) Комуналниот инспектор врши инспекциски надзор над:

(2.1) физичките и правните лица на кои Општина Гази Баба им дала дозвола за вршење на комунална дејност;

(2.2) законитоста во работењето на субјектите во комуналните дејности на подрачјето на Општина Гази Баба како даватели на комуналните услуги; и

(2.3) правните и физичките лица кои се назначени како корисници на комуналните услуги во согласност со оваа Одлука.

**Член 237**

(1) За извршениот инспекциски надзор, односно утврдената состојба и преземените мерки од надзорот, комуналниот инспектор е должен да состави записник и да го достави на правното и физичкото лице каде што вршеле инспекција.

(2) Ако при вршењето на инспекцискиот надзор, комуналниот инспектор утврди дека е сторен прекршок, должен е да покрене постапка пред надлежниот орган.

**Член 238**

(1) Комуналниот инспектор по извршениот инспекциски надзор, доколку забележа неправилности, донесува решение.

(2) Со решението се наредува на правните и физичките лица дејствија, со цел одржување на комуналниот ред во согласност со оваа Одлука.

**Член 239**

(1) Жалба против решението од членот 238 став (1) на оваа Одлука може да се поднесе во рок од осум дена, до Државната комисија во одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка.

(2) Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

**Член 240**

Правните и физичките лица се должни на надлежните општински инспекции да овозможат несметано извршување на надзорот, и пристап до просториите, објектите, земјиштето, апаратите и уредите, да дадат лични податоци и да пружат други потребни известувања за предметот.

**Член 241**

(1) Ако надлежните општински инспектори во својата работа наидат на отпор, можат да побараат помош од надлежните полициски органи.

(2) Спроведувањето на одредени одредби на оваа Одлука во кои се утврдени забрани или обврски за преземање на активности или за воздржување од нивно превземање, комуналните инспектори на Општина Гази Баба ќе го обезбедуваат преку соработка и содејство со органи на државната управа или Град Скопје или со овластени лица во овие органи (униформирани полициски службеници, овластени инспектори за домување во Општина Гази Баба, инспектори при Државниот комунален инспекторат, државни инспектори за животна средина и други) кои во согласност со закон и друг пропис се надлежни за постапување.

**Член 242**

(1) Контрола на спроведувањето на оваа Одлука врши овластениот комунален инспектор.

(2) При вршењето на контрола, овластенот комунален инспектор има право да ги провери идентификациските документи на лицата поради потврдување на нивниот идентитет.

(3) За констатираните неправилности при контролата, овластениот комунален инспектор составува записник и изрекува мандатна казна на самото место, во согласност со Законот за комуналните дејности, Законот за прекршоците и оваа Одлука.

**Член 243**

Комуналниот инспектор на Општина Гази Баба има право и должност да:

(1) ја следи примената на оваа Одлука и актите донесени врз основа на оваа Одлука;

(2) ги опоменува правните и физичките лица за однесување што не е во согласност со закон и со оваа Одлука и да бара од нив преземање на соодветни мерки;

(3) нареди извршување на работите, ако утврди дека тие не се извршуваат, односно неправилно или непотполно се извршуваат;

(4) забрани вршење на работи без одобрение на надлежен орган, односно во спротивност на тоа одобрение;

(5) нареди отстранување на уреди и опрема, поставени во спротивност на урбанистичко-техничката документација;

(6) ги извести надлежните органи или овластените лица и да побара нивно постапување и интервенција во случаи од член 237 став (2) на на оваа Одлука;

(7) покрене постапка пред надлежен суд; и

(8) презема и други дејствија и мерки за кои е овластен.

**Член 244**

(1) Во вршењето на инспекцискиот надзор, комуналниот инспектор на Општина Гази Баба ги следи и утврдува состојбите и презема мерки, при што е должен да состави записник и да го достави на субјектот на кого се однесува инспекцијата.

(2) Врз основа на записникот од ставот (1) на овој член комуналниот инспектор на Општина Гази Баба донесува решение со кое го определува начинот и рокот на отстранување на недостатокот.

(3) Доколку субјектот од ставот (1) на овој член сам не го отстрани недостатокот, комуналниот инспектор на Општина Гази Баба ќе донесе заклучок за дозвола за извршување, при што трошоците паѓаат на товар на субјектот.

**Член 245**

(1) За постапување спротивно на одредбите на оваа Одлука, комуналниот инспектор на Општина Гази Баба ќе му изрече на сторителот глоба во согласност со закон.

(2) За постапување во спротивност на оваа Одлука, на сторителот - физичко лице, глоба во согласност со Законот за комунални дејности ќе му изрече комуналниот редар.

(3) Сторителот, покрај глобата, е должен да ги плати трошоците предвидени со оваа Одлука, како и надомест на штета.

## XXVII. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

**Член 246**

За непочитување на оваа Одлука ќе се применуваат казнените одредби од Законот за јавната чистота и Закон за комуналните дејности.

**Член 247**

За останатите комунални дејности од оваа Одлука се применуваат казнетите одредби предвидени во членот 43 од Законот за комуналните дејности со глоба во износ од 50 Евра во денарска противвредност ќе се изрече на правно и физичко лице во мандатна постапка ако постапува во спротивност на членот 6 ставовите (3), (4) и (5), членот 7, членот 9, членот 10 ставовите (3) и (6), членот 16 став (3), членот 24 ставовите (1) и (2), членот 30, членот 31, членот 32, членот 44, членот 61, членот 68, членот 73, членот 76, членот 80, членот 81, членот 87, членот 92 став(2), членот 109, членот 110, членот 111, членот 112, членот 115 став (2), членот 121, членот 127 став (5), членот 132 ставовите (3) и (6), членот 136 став (1), членот 137 став (2), членот 139 ставовите (1), (2)и (4), членот 140, членот 141, членот 143 став (1), членот 145, членот 152 став (2), членот 169 став (2), членот 172 ставовите (2) и (4), членот 176 став (1), членот 179, членот 184 ставо-вите (1) и (2), членот 192 став (3), членот 196, членот 199 ставовите (1) и (3), членот 210 ставовите (1), (3) и (4), членот 211, членот 213 став (3), членот 214, членот 215 став (1), членот 216 став (4), членот 221 ставовите (3) и (4), членот 222, членот 223, членот 228, членот 229, членот 230 став (1), и членот 234 од оваа Одлука.

## XXVIII. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

**Член 248**

(1) ЈКП Гази Баба 2007 ги врши сите комунални дејности од членот 2 на оваа Одлука за коишто е регистрирано во согласност со Закон.

(2) Со Одлука на Советот на Општина Гази Баби се определуваат комуналните дејности од членот 2 на оваа Одлука кои ќе ги врши ЈКП Гази Баба 2007, освен оние кои ги вршат јавните претпријатија основани од Градот Скопје.

**Член 249**

Комуналните дејности од членот 2 на оваа Одлука за коишто не е регистрирано или не е определено ЈКП Гази Баба 2007 со одлука на Советот на Општина Гази Баба, се спроведува постапка утврдена со закон за избор на домашно или странско правно или физичко лице овластено од Општина Гази Баба за Давател на услуга.

## XXIX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 250**

Со денот на влегување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за комунален ред во Општина Гази Баба (“Службен гласник на Општина Гази Баба“ бр.1/08 и 7/08).

**Член 251**

(1) За прашањата од оваа Одлука за коишто постојат прописи на Град Скопје се применуваат прописите на Град Скопје.

(2) Во случај на несогласност на одредбите од оваа Одлука со пропис на Град Скопје, за исто прашање, се применуваат одредбите од соодветниот пропис на Град Скопје.

(3) Во случај на несогласност на одредбите од оваа Одлука со Закон или подзаконски акт, се применуваат одредбите од Законот или подзаконскиот акт.

**Член 252**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-4193/20**
**од 28.09.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА СПОРТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 28.09.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-4434/19**
**од 05.10.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 10, член 62 став (1) и член 67 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), член 63 и член 65 од Законот за спорт ("Службен весник на РМ" бр.29/02, 66/04, 83/05, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Четиринаесеттата седница одржана на ден 28.09.2018 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА СПОРТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) Со овој Правилник се уредуваат условите, начинот и постапката за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба (во натамошниот текст: Објекти за спорт).

(2) Под објект за спорт во смисла на овој Правилник се подразбира: спортска сала, фискултурна сала во основно училиште, детско игралиште, фудбалско игралиште, тениско игралиште, игралиште за кошарка, игралиште за одбојка, игралиште за ракомет, повеќенаменско игралиште, спортски центар, спортско-рекреативен центар и други објекти за спорт.

### Член 2

(1) Објект за спорт може да биде даден на користење на домашни и странски правни и физички лица заради спорт и рекреација (во натамошниот текст: Корисник), под условите, начинот и постапката уредени со овој Правилник.

(2) Доколку постојат услови за работа на објектот за спорт, по барање на Корисникот, градоначалникот на Општина Гази Баба може да издаде одобрение за вршење на определена угостителска дејност.

(3) Со договорот или анекс на договорот за користење на објектот за спорт се определуваат условите за вршење на угостителската дејност од ставот (2) на овој член.

### Член 3

Основни критериуми за користење на објектите за спорт се:

1) поттикнување и унапредување соодветен спорт;
2) популаризирање масовен спорт и опфат на што повеќе млади во населените места;
3) реализирање програма за развој на спортот;
4) организирање и спроведување систем на натпревари во одредени спортови и категории;
5) поддржување традиционални спортски натпревари и манифестации од општински, национален и меѓународен карактер;
6) организирање и спроведување училишен и студентски систем на натпревари;
7) организирање и спроведување систем на манифестации и форми на натпревари за лица со посебни потреби;
8) организирање и спроведување систем на масовни спортско-рекреативни активности во Општина Гази Баба;
9) грижа за унапредување на стручната работа и усовршување на стручните кадри во спортот;

10) поттикнување врвни резултати;
11) грижа за унапредување на младите категории;
12) учествување во национални спортски федерации, или настапување на натпревари од национален и меѓународен карактер;
13) натпреварување од највисок ранг на домашни спортски првенства;
14) реализирање на спортските активности и програми на подрачјето на Општина Гази Баба;
15) поддржување општински сојузи и сојузи на спортови на Општина Гази Баба; и
16) не вршење политичко и верско организирање и дејствување.

**Член 4**

(1) На јавниот повик може да учествуваат спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и организатори на спортски манифестации што се одржуваат во Општина Гази Баба според критериумите од членот 3 на овој Правилник, чиешто регистрирано седиште односно живеалиште се наоѓа на подрачјето на Општина Гази Баба или имаат огранок на подрачјето на Општина Гази Баба.

(2) На Јавниот оглас може да учествуват и спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и организатори на спортска манифестација чие регистрирано седиште односно живеалиште не се наоѓа на подрачјето на Општина Гази Баба, а реализацијата на проектот е на подрачјето на Општина Гази Баба во соработка со спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и организатори на спортски манифестации што се одржуваат во Општина Гази Баба, чиешто регистрирано седиште односно живеалиште се наоѓа на подрачјето на Општина Гази Баба.

**Член 5**

(1) Објект за спорт се дава на користење на определено време и термин најмногу до една година, доколку не е определено поинаку со овој Правилник.

(2) Корисникот неможе да го отстапува правото на користење на друг Корисник.

**Член 6**

Објект за спорт се дава на користење само доколку:

(1) во времетраењето на користењето не е во функција на воспитно-образовниот процес или користењето не ја попречува негова функција, тек и квалитет;

(2) употребата нема да влијае на безбедноста на учениците и на лицата кои ќе го користат објектот за спорт; и

(3) намената заради која се издава, не доведува до негово оштетување.

**Член 7**

(1) Советот на Општина Гази Баба донесува Одлука за категоризација на објектите за спорт во сопственост на општина Гази Баба со попис и опис на локација, површина, вид и намена.

(2) Регистарот на објектите за спорт и календарот со издадени термини на корисници, датум и час го води надлежниот службеник од локалната администрација, определен со решение на Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 8**

(1) Надоместокот за користење на објектите за спорт се утврдува со Тарифник што го донесува Советот на Општина Гази Баба.

(2) Надометокот за користење на објектите за спорт зависи од категоризацијата и условите за работа во објектите за спорт.

## II. УСЛОВИ, НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА СПОРТ

**Член 9**

Слободните термини од објектите за спорт по доставено барање се даваат на користење за реализација на тренинг и натпревари, како и за рекреативни активности и други настани.

**Член 10**

(1) Користењето на објектите за спорт се објавува со Јавен повик на веб-страницата на Општина Гази Баба во месеците јуни и декември.

(2) Јавниот повик за користење на објектите за спорт е отворен и трае десет дена од денот на неговото објавување на веб-страницата на Општина Гази Баба, од први заклучно со десетти во месецот.

**Член 11**

Јавниот повик за користење на објект за спорт содржи:

1. назив и адреса на органот кој го распишува;
2. местоположба и површина на објектот за спорт или дел од објектот за спорт кој се дава на користење;
3. намена на објектот за спорт;
4. напомена дека објектот за спорт се дава на користење во видена состојба и начинот на кој може да се види објектот за спорт кој се дава на користење;
5. рок на траење на Јавниот повик;
6. начин на пријавување на Јавниот повик и точен опис што треба да содржи барањето и како да се достави;
7. адреса за доставување на барањето;
8. надоместокот на терминот кој се дава на користење на објектот за спорт;
9. критериум за избор;
10. време на давање на користење на објектот за спорт; и
11. износ кој треба да се уплати како гаранција за учество на Јавниот повик.

**Член 12**

(1) Правните лица кои учествуваат на Јавниот повик кон барањето треба да достават:
(1.1) назив, седиште и единствен даночен број;
(1.2) тековна состојба од Централниот регистар, не постара од шест месеци, како доказ за регистрирана дејност;
(1.3) потврда од надлежен суд дека врз правното лице не е отворена стечајна или постапка за ликвидација, не постара од шест месеци, ако е трговско друштво за спорт;
(1.4) банка-депонент и банкарска сметка;
(1.5) доказ за уплатениот износ како гаранција за учество на Јавниот повик;
(1.6) телефон за контакт и е-маил адреса; и
(1.7) за кој објект за спорт, намена, период и термин се поднесува барањето.

(2) Физичките лица кои учествуваат на Јавниот повик кон барањето треба да достават:
(2.1) име и презиме, адреса и матичен број;
(2.2) копија од лична карта или патна исправа, како доказ за идентификација;
(2.3) банка-депонент и банкарска сметка;
(2.4) доказ за уплатениот износ, како гаранција за учество на Јавниот повик;
(2.5) телефон за контакт и е-маил адреса; и
(2.6) за кој објект за спорт, намена, период и термин се поднесува барањето.

**Член 13**

(1) Потребната документација за учество на Јавниот повик се доставува во архивата на Општина Гази Баба.

(2) Барањето и документацијата се доставуваат во затворен плик со ознака "не отварај" и "за Јавен Повик за користење на објект за спорт" и бројот на Јавниот повик.

(3) Пликот не смее да содржи никаква ознака која би можела да го идентификува барателот.

(4) Барањето се доставува во еден оригинален примерок, што треба да биде потпишан и заверен од одговорното лице на барателот, односно од физичкото лице.

(5) При поднесување на барањето задолжително се евидентира поднесувањето на барањето со ден, час и минута.

## III. КОМИСИЈА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА СПОРТ

**Член 14**

(1) Постапката за користење на објектите за спорт ја спроведува Комисија за објектите за спорт (во натамошниот текст: Комисија) во согласност со овој Правилник.

(2) Комисијата ја формира Градоначалникот на Општина Гази Баба со решение.

(3) Комисијата е составена од претседател и четири члена и нивни заменици од редот на општинската администрација во Општина Гази Баба.

(4) Комисијата одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

**Член 15**

Комисијата ги врши следните работи и задачи:

(1) распишува Јавен повик за користење на објектите за спорт;
(2) ги отвора и разгледува пристигнатите барања за користење на објектите за спорт;
(3) донесува одлука за користење на објектите за спорт;
(4) доставува извештај со предлог до Градоначалникот за склучување на договор за користење на објектите за спорт;
(5) го утврдува времето на користење на објектите за спорт; и
(6) врши други работи и задачи во согласност со овој Правилник.

**Член 16**

(1) Комисијата работи на седници што ги свикува и со нив раководи претседателот на Комисијата кој се грижи за правилно и законито работење на Комисијата.
(2) За текот на седницата на Комисијата и за донесените одлуки се води Записник на кој се потпишуваат сите присутни членови на Комисијата.

**Член 17**

(1) Комисијата ги отвара и разгледува пристигнатите барања без присуство на пријавените баратели.

(2) Некомплетните и ненавремено доставените барања, Комисијата нема да ги разгледува и за тоа ги известува барателите.

## IV. ИЗБОР НА КОРИСНИК

**Член 18**

(1) По поднесените барања од страна на барателите, Комисијата донесува Одлука за користење на објектите за спорт во согласност со Јавниот повик.

(2) Доколку два или повеќе баратели бараат користење на ист термин, терминот ќе се даде на барателот кој прв поднел барање. Приоритет има барателот кој организира подготвителни тренинзи и натпревари од највисок степен во сениорска конкуренција, па редоследно во пониските степени на натпревари и пониските возрасни категории.

**Член 19**

(1) Комисијата, пристигнатите барања ги разгледува во рок од пет дена по завршувањето на Јавниот повик.

(2) Барателот чие барање е избрано ќе биде известен во рок од пет дена по завршување на постапката за избор на корисници.

(3) Комисијата ги известува барателите за Одлуката за користење на објектите за спорт.

**Член 20**

(1) Против одлуката на Комисијата, незадоволниот барател може да поднесе писмен приговор во рок од пет дена по приемот на известувањето.

(2) Приговорот се поднесува до Комисијата, а по истиот одлучува Градоначалникот на Општина Гази Баба, во рок од пет дена од приемот на писмениот приговор од став (1) на овој член.

(3) Одлуката на Градоначалникот на Општина Гази Баба е конечна.

**Член 21**

По завршување на објавениот Јавен повик, слободните термини за користење на објектите за спорт, за кои не се јавил ниту еден заинтересиран барател, во текот на годината можат да се даваат на користење со склучување на договор со непосредна спогодба со заинтересирано правно или физичко лице, под услови објавени во јавниот повик, за реализација на тренинг и натпревари, како и за рекреативни активности и други настани, за пократок период од една година, односно најмалку за еден месец.

## V. ДОГОВОР ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТ ЗА СПОРТ

**Член 22**

Користењето на објект за спорт или дел од објект за спорт се врши врз основа на Договор за користење.

**Член 23**

(1) По конечноста на Одлуката за користење на објектите за спорт Општина Гази Баба и избраните корисници склучуваат Договор за користење.

(2) Со Договорот за користење се уредуваат односите помеѓу Општина Гази Баба и Корисникот, како и други прашања што се карактеристични за објектот за спорт, за намената и начинот на користењето на истиот.

(3) Договорот за користење во име на Општина Гази Баба го склучува Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 24**

(1) Доколку во рок од пет дена по добиеното известување за избран корисник, барателот кој е избран не се јави да склучи Договор за користење, ќе се смета дека се откажал од користењето на објектот за спорт и депонираните средства како гаранција за учество на Јавниот повик нема да бидат вратени.

(2) Во случајот од ставот (1) на овој член и кога избраниот барател писмено се откажува од користењето на објектот за спорт, објектот за спорт ќе биде доделен на следниот кој прв поднел барање на Јавниот повик за истиот објект за спорт и термин.

(3) На барателите на Јавниот повик кои нема да бидат избрани, депонираните средства како гаранција за учество на Јавниот повик ќе им бидат вратени без камата во рок од пет дена по завршувањето на постапката.

**Член 25**

(1) Договорот за користење е со важност најмногу за една години и во него се вградени одредби од Законот за облигациони односи.

(2) Корисникот дава изрична изјава дека се согласува, Договорот за користење на објектот за спорт да претставува извршна исправа и врз основа на истиот да може да се спроведе присилно извршување врз неговиот имот и присилно иселување доколку Договорот биде раскинат заради неисполнување на обврските што произлегуваат од Договорот.

(3) Трошоците за нотарска заверка на Договорот ги сноси Корисникот.

**Член 26**

Договорот за користење на објект за спорт престанува да важи ако:

(1) со одлука на суд или друг државен орган на Корисникот му е изречена забрана за вршење на дејноста, или изречена казна затвор од најмалку шест месеци;

(2) по писмено барање на Корисникот; и

(3) непочитување на обврските од Договорот.

**Член 27**

Договорот за користење посебно содржи одредби дека:

(1) Корисникот е должен надоместокот да го плаќа по истекот на месецот и тоа најдоцна заклучно со петти во наредниот месец за претходниот месец;

(2) За секој ден доцнење на уплатата на надоместокот, Општина Гази Баба пресметува законска затезна камата;

(3) Корисникот е должен уредно да ги плаќа сите комунални давачки за деловниот простор (струја, вода, парно греење, ѓубретарина и друго) доколку така е утврдено во Јавниот повик и во Договорот;

(4) Корисникот не може да го пренесува правото на користење на друг Корисник; и

(5) Во случај на оштетување на објектот за спорт по вина на Корисникот или вработен кај Корисникот, надоместот на штетата е на товар на Корисникот.

**VI. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ**

**Член 28**

(1) Сите инвестиции за оплеменување на објектот за спорт се на товар на Корисникот, со писмена согласност на градоначалникот на Општина Гази Баба.

(2) Како инвестиции од ставот (1) на овој член се сметаат занаетски и градежни работи со кои објектот за спорт ќе биде доведен во подобра функционална состојба.

**Член 29**

(1) При реализација на инвестицијата за оплеменување на објектот за спорт, Општина Гази Баба ќе врши контрола во набавката, цената и квалитетот на вградените материјали.

(2) По затворањето на инвестицијата за оплеменување на објектот за спорт, инвестицијата ќе остане во сопственост на Општина Гази Баба и при ослободување (по било кој основ) на објектот за спорт, Корисникот ќе го предаде со состојба по реновирањето.

**Член 30**

(1) Корисникот кој инвестирал за оплеменување на објектот за спорт, со одобрение на градоначалникот на Општина Гази Баба, може инвестицијата да ја пребива со надоместокот на користење, но не подолго од три години од склучувањето на договорот за користење на објектот за спорт.

(2) Проценката на вредноста на инвестицијата за оплеменување на објектот за спорт од ставот (1) на овој член ја врши овластен судски проценител определен од Општина Гази Баба.

**Член 31**

(1) Во услови на воена и вонредна состојба и елементарни непогоди градоначалникот на општина Гази Баба може со решение времено да ги суспендира термините за користење на објектите за спорт во сопственост на општина Гази Баба додека трае потребата.

(2) За времето додека траат условите и потребата од ставот (1) на овој член, Корисниците се ослободени од обврската надомест на терминот за користење на објектот за спорт.

(3) Делот од надоместот на терминот за користење на објектот за спорт за којшто се ослободени корисниците се определува со решение на Комисијата.

**Член 32**

(1) Објектите за спорт ги одржува Јавното комунално претпријатие Гази Баба 2007 - Скопје.

(2) На предлог на Јавното комунално претпријатие Гази Баба 2007 - Скопје, Комисијата изготвува годишна Програма за одржување на објектите за спорт, со согласност на градоначалникот на општина Гази Баба.

(3) Програмата за одржување на објектите за спорт ја донесува Советот на општина Гази Баба.

(4) Програмата за одржување на објектите за спорт е составен дел од Буџетот на општина Гази Баба.

**Член 33**

Определени објекти за спорт, по предлог на Комисијата, а со решение на градоначалникот на општина Гази Баба може да се издаваат под закуп во согласност со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18) и Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање под закуп за деловен простор во сопственост на општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" број 10/12) или Законот за концесии и јавно приватно партнерство ("Службен весник на Република Македонија" броевите 6/12, 144/14, 33/15 и 104/15 и 215/15).

**VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 34**

Договорите за користење на објект за спорт склучени со Општина Гази Баба пред влегувањето во сила на овој Правилник остануваат во сила до нивната важност.

**Член 35**

(1) За користењето на објектите за спорт, Општината Гази Баба на службената веб-страница објавува полугодишен календар со издадени термини и доставува писмено известување до корисниците, во согласност со овој Правилник.

(2) Доколку настанат промени во издадените термини за користење на објектите за спорт или делови од објект за спорт, Општина Гази Баба врши ажурирање на календарот за издадените термини, најдоцна пет дена од денот на настанатата промена.

**Член 36**

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи членот 25 од Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање под закуп на деловен простор во сопственост на општина Гази Баба бр.07-3129/19 од 31 октомври 2012 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.10/12).

**Член 37**

(1) Со денот на влегувањето на силата на овој Павилник престануваат да важат правилниците за условите, начинот и постапката за издавање под закуп на објектите за спорт на училиштата.

(2) Училиштата кои располагаат со објекти за спорт должни се во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој Правилник до Комисијата да достават известување за затекнати корисници, со попис и опис на локација, површина, вид и намена, датум и час на користење, условите и надоместокот за користење на објектите за спорт и копии од договорите со затекнатите корисници.

(3) Договорите за користење на објектите за спорт склучени со училиштата пред влегувањето во сила на овој Правилник остануваат во сила до нивната важност.

**Член 38**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-4193/21**
**од 28.09.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА СПОРТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за категоризација на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 28.09.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4434/20**
**од 05.10.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 10, член 62 став (1) и член 67 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), член 63 и член 65 од Законот за спорт ("Службен весник на РМ" бр.29/02, 66/04, 83/05, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Четиринаесеттата седница одржана на ден 28.09.2018 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА СПОРТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

### Член 1

Со оваа одлука се врши категоризација на објектите за спорт во сопственост на општина Гази Баба.

### Член 2

Објектите за спорт во сопственост на општина Гази Баба се категоризираат во согласност со нивната функционалност, опременост, безбедност, инфраструктурни компоненти и содржини за спорт и спортско-рекреативни активности, како и врз основа на стандардите за организирање национален и меѓународен систем на натпревари.

### Член 3

Објектите за спорт што се во сопственост на општина Гази Баба обезбедуваат услови за:

(1) остварување на локалниот интерес;

(2) остварување на содржините на спортските активности;

(3) обезбедување на квалитет и можности за одржување на спортски натпревари од спортско-рекреативен карактер, натпревари во првиот, вториот и третиот степен на системот на натпревари на државните спортски федерации;

(4) обезбедување на можности за одржување на државни и меѓународни натпревари, турнири, одржување на европски и светски првенства;

(5) досегашното управување и инвестирање во објектот; и

(6) остварените резултати во објектите и развиеност на спортот во соодветната средина преку остварените резултати.

### Член 4

Објекти за спорт во сопственост на Општина Гази Баба се:

(1) Тениско игралиште, на улица "Гемиџиска" број 57, населено место Железара, КП 458/1 и КП 459 КО Гази Баба, Имотен лист број 1021 КО Гази Баба, отстапено на трајно користење без надомест на ООУ "Григор Прличев" - Скопје, во согласност со Одлуката на Советот на општина Гази Баба број 09-2613/10 од 10 јули 2015 година ("Службен гласник на општина Гази Баба" број /2010),

(2) Помошно фудбалско игралиште со помошен објект, населено место Трубарево, КП 193 КО Трубарево, Имотен лист број 919 КО Трубарево, отстапено на трајно користење без надомест на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, во согласност со Одлуката на Советот на општина Гази Баба број 09-2263/4 од 12 јуни 2015 година ("Службен гласник на општина Гази Баба" број /2015),

(3) Повеќенаменско игралиште, населено место Маџари 2, на улица "Петре Филиповски Гарката" бб - Скопје, КП 344 КО Маџари, Имотен лист број 2201 КО Маџари, отстапено на трајно користење без надомест на ООУ "Наум Наумовски - Борче" - Скопје, во согласност со Одлуката на Советот на општина Гази Баба број 09-2263/3 од 12 јуни 2015 година ("Службен гласник на општина Гази Баба" број /2015),

(4) Спортска сала "Методија Андонов Ченто", населено место Маџари, на улица "Петре Филиповски Гарката" бб - Скопје, КП 209/3 КО Маџари, Имотен лист број 68714 КО Маџари, отстапена на трајно користење без надомест на ООУ "Наум Наумовски - Борче" - Скопје,

(5) Спортска сала "Крсте Мисирков", на улица "Новопланирана станбена улица 2" бб, населено место Ченто, КП 3716/5 КО Сингелиќ, Имотен лист број 24871 КО Сингелиќ-1, г9отстапена на трајно користење без надомест на ООУ "Крсте Мисирков" - Скопје, во согласност со Одлука на Советот на општина Гази Баба број 09-4764/14 од 31 август 2016 година ("Службен гласник на општина Гази Баба" број /2016),

(6) Фудбалско игралиште, на улица "Финска" број 1, населено место Маџари 2, КП 4875 КО Сингелиќ-1, Имотен лист број 25850 КО Сингелиќ-1, и

(7) Фудбалски стадион "Борис Трајковски", населено место Маџари 2, КП 4986 КО Сингелиќ-1, Имотен лист на згради број 23392 КО Сингелиќ-1 и Имотен лист на игралиште со трибина број 25833 КО Сингелиќ-1.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-4193/22**
**од 28.09.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ТАРИФНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА СПОРТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

1. Се објавува Тарифникот за висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 28.09.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-4434/21**
**од 05.10.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 10, член 62 став (1) и член 67 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), член 63 и член 65 од Законот за спорт ("Службен весник на РМ" бр.29/02, 66/04, 83/05, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16), член 6 од Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.12/18) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Четиринаесеттата седница одржана на ден 28.09.2018 година, донесе

## Т А Р И Ф Н И К

## ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА СПОРТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

### Член 1

(1) Висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба (во натамошниот текст: објекти за спорт) се определува во евра/час, а се плаќа во денарска противвредност според средниот курс на Народна Банка на Република Македонија, сметано на денот на фактурирањето.

(2) При утврдување на висината на надоместокот за користење на објектите за спорт, во предвид се земаат трошоците за комунални услуги (струја, вода, греење, ладење и слично), како и пазарните услови на подрачјето на кое е лоциран објектот за спорт.

### Член 2

Објектите за спорт, Општина Гази Баба ги дава на користење во согласност со Одлуката за класификација на објектите за спорт од локално значење во сопственост на Општина Гази Баба и Правилникот за условите, начинот и постапката на давање на користење на слободен простор во сопственост на Општина Гази Баба.

### Член 3

Висината на надоместокот за користење на училишните спортски сали за времетраење од еден час (термин) изнесува 10 евра / час.

### Член 4

Висината на надоместокот за користење на Спортскиот стадион "Борис Трајковски" во Маџари за времетраење од еден час (термин) изнесува 15 евра / час.

### Член 5

Висината на надоместокот за користење на спортските фудбалски игралишта за времетраење од еден час (термин) изнесува 10 евра / час.

### Член 6

Овој тарифник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-4193/23**
**од 28.09.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

# СОДРЖИНА


**РЕШЕНИЕ** за запирање од објавување на Одлуката за усвојување на извештаите од спроведените избори и верификација на мандатите на избраните членови на советите во урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба ..... 3

**РЕШЕНИЕ** за запирање од објавување на Одлуката за поништување на изборите за членови на советите во урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба ..... 4

**ОДЛУКА** за донесување на Програма за работа на ООУ "Стив Наумов" - Скопје, за учебната 2018/2019 година ..... 6

**ОДЛУКА** за донесување на Програма за работа на ООУ "Григор Прличев" - Скопје, за учебната 2018/2019 година ..... 8

**ОДЛУКА** за донесување на Програма за работа на ООУ "25 Мај" - Скопје, за учебната 2018/2019 година ..... 10

**ОДЛУКА** за донесување на Програма за работа на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје, за учебната 2018/2019 година ..... 12

**ОДЛУКА** за донесување на Програма за работа на ООУ "Дане Крапчев" - Скопје, за учебната 2018/2019 година ..... 14

**ОДЛУКА** за донесување на Програма за работа на ООУ "Кирил и Методиј" - Скопје, за учебната 2018/2019 година ..... 16

**ОДЛУКА** за донесување на Програма за работа на ООУ "Крсте Мисирков" - Скопје, за учебната 2018/2019 година ..... 18

**ОДЛУКА** за донесување на Програма за работа на ООУ "Крум Тошев" - Скопје, за учебната 2018/2019 година ..... 20

**ОДЛУКА** за донесување на Програма за работа на ООУ "Наум Наумовски-Борче" - Скопје, за учебната 2018/2019 година ..... 22

**ОДЛУКА** за донесување на Програма за работа на ООУ "Наум Охридски" - Скопје, за учебната 2018/2019 година ..... 24

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на Годишен извештај за работа на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2017/2018 година ..... 26



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 16/18**
**14 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 10 примероци

# СОДРЖИНА


**ОДЛУКА** за донесување на Годишна Програма за работа на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2018/2019 година ....... 28

**ОДЛУКА** за воспоставување на соработка меѓу Општина Гази Баба, Скопје, Република Македонија и Општина Трст, Република Италија ....... 30

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, заради изградба на канализациони мрежи за населените места Трубарево, Ергеле, Гоце Делчев, Јурумлери, Нова Колонија, Идризово и Дрма ....... 32

**ОДЛУКА** за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2018 година ....... 34

**ОДЛУКА** за комунален ред на Општина Гази Баба ....... 36

**ПРАВИЛНИК** за условите, начинот и постапката за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба ....... 89

**ОДЛУКА** за категоризација на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба ....... 98

**ТАРИФНИК** за висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба ....... 101



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.16/18**
**14 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж:10 примероци